**6.** И кога Муса му рече на народот свој: “Сетете се на благодатот Аллахов кон вас кога Он ве избави од луѓето фараонови, кои ви задаваа најлоша казна, кои ги колеа синовите ваши а ги оставаа во живот ќерките ваши. Ете, имавте бела голема од Господарот ваш!”

وَإِذْ قَالَ مُوسَىٰ لِقَوْمِهِ ٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ ٱللَّهِ
عَلَيْكُمْ إِذْ أَنجَىٰكُم مِّنْ ءَالِ فِرْعَوْنَ
يَسُومُونَكُمْ سُوٓءَ ٱلْعَذَابِ وَيُذَبِّحُونَ أَبْنَآءَكُمْ
وَيَسْتَحْيُونَ نِسَآءَكُمْ ۚ وَفِى ذَٰلِكُم
بَلَآءٌ مِّن رَّبِّكُمْ عَظِيمٌ ٦

**7.** И кога Господарот твој возгласи: “Да, ако сте благодарни ќе ви зголемам, а ако не сте благодарни... казната Моја е жестока, навистина!”

وَإِذْ تَأَذَّنَ رَبُّكُمْ لَئِن شَكَرْتُمْ
لَأَزِيدَنَّكُمْ ۖ وَلَئِن كَفَرْتُمْ إِنَّ عَذَابِى
لَشَدِيدٌ ٧

**8.** И Муса зборуваше: “Ако не верувате, и вие и сите оние на земјата... та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!”

وَقَالَ مُوسَىٰٓ إِن تَكْفُرُوٓا۟ أَنتُمْ وَمَن فِى ٱلْأَرْضِ جَمِيعًا
فَإِنَّ ٱللَّهَ لَغَنِىٌّ حَمِيدٌ ٨

9.Не ви дојде ли кажувањето за оние пред вас, за народот на Нух, за Ад и за Семуд? И за оние по нив. Само Аллах ги знае! Им донесоа пејгамберите нивни јасноти и оние, ставајќи ги рацете свои на устите, зборуваа: “Да, не веруваме во она со што сте испратени. И ние сме, навистина, во сомнение и во неизвесност во она кон што нè повикувате!”

أَلَمْ يَأْتِكُمْ نَبَؤُا۟ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِكُمْ قَوْمِ نُوحٍ
وَعَادٍ وَثَمُودَ ۛ وَٱلَّذِينَ مِنۢ بَعْدِهِمْ ۛ
لَا يَعْلَمُهُمْ إِلَّا ٱللَّهُ ۚ جَآءَتْهُمْ رُسُلُهُم بِٱلْبَيِّنَٰتِ
فَرَدُّوٓا۟ أَيْدِيَهُمْ فِىٓ أَفْوَٰهِهِمْ وَقَالُوٓا۟ إِنَّا كَفَرْنَا
بِمَآ أُرْسِلْتُم بِهِۦ وَإِنَّا لَفِى شَكٍّ مِّمَّا تَدْعُونَنَآ
إِلَيْهِ مُرِيبٍ ٩

**10.** Пејгамберите нивни рекоа: “Ќе се сомневате ли во Аллах, Создателот на небесата и на Земјата? Он ве повикува за да ви ги прости гревовите ваши и да ви даде рок сѐ до едно време определено.” Зборуваа: “Вие сте само луѓе нам слични. Посакувате да нѐ одвратите од она што го обожаваа предците наши... та, донесете ни доказ јасен!”

۞ قَالَتْ رُسُلُهُمْ أَفِي اللَّهِ شَكٌّ فَاطِرِ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ يَدْعُوكُمْ لِيَغْفِرَ لَكُم مِّن ذُنُوبِكُمْ وَيُؤَخِّرَكُمْ إِلَىٰ أَجَلٍ مُّسَمًّى قَالُوا إِنْ أَنتُمْ إِلَّا بَشَرٌ مِّثْلُنَا تُرِيدُونَ أَن تَصُدُّونَا عَمَّا كَانَ يَعْبُدُ آبَاؤُنَا فَأْتُونَا بِسُلْطَانٍ مُّبِينٍ ﴿١٠﴾

**11.** Пејгамберите нивни им зборуваа: “Ние сме, навистина, само луѓе вам слични. Но, Аллах дава предност кому сака од робовите Свои. И не е наше да ви донесеме доказ освен со одобрението Аллахово. Па, врз Аллах се потпираат верниците!

قَالَتْ لَهُمْ رُسُلُهُمْ إِن نَّحْنُ إِلَّا بَشَرٌ مِّثْلُكُمْ وَلَٰكِنَّ اللَّهَ يَمُنُّ عَلَىٰ مَن يَشَاءُ مِنْ عِبَادِهِ وَمَا كَانَ لَنَا أَن نَّأْتِيَكُم بِسُلْطَانٍ إِلَّا بِإِذْنِ اللَّهِ وَعَلَى اللَّهِ فَلْيَتَوَكَّلِ الْمُؤْمِنُونَ ﴿١١﴾

**12.** И не ни остана ли освен да се потпреме врз Аллах кога Он, секако, нѐ упати по патиштата наши. Ќе бидеме трпеливи, сигурно, на маките што ќе ни ги задавате. И врз Аллах се потпираат оние кои, токму, се потпираат!”

وَمَا لَنَا أَلَّا نَتَوَكَّلَ عَلَى اللَّهِ وَقَدْ هَدَانَا سُبُلَنَا وَلَنَصْبِرَنَّ عَلَىٰ مَا آذَيْتُمُونَا وَعَلَى اللَّهِ فَلْيَتَوَكَّلِ الْمُتَوَكِّلُونَ ﴿١٢﴾

**13.** И оние кои не веруваа им зборуваа на пејгамберите свои: “Ќе ве истераме, сигурно, од земјава наша. Или, пак, сигурно ќе се вратите во верата наша.” Па, им објави Господарот нивни: “Ние сигурно ќе ги уништиме зулумќарите,

وَقَالَ الَّذِينَ كَفَرُوا لِرُسُلِهِمْ لَنُخْرِجَنَّكُم مِّنْ أَرْضِنَا أَوْ لَتَعُودُنَّ فِي مِلَّتِنَا فَأَوْحَىٰ إِلَيْهِمْ رَبُّهُمْ لَنُهْلِكَنَّ الظَّالِمِينَ ﴿١٣﴾

**14.** и вас ќе ве сместиме на земјата по нив. Ете, тоа е за оној кој се плаши од стоењето пред Мене и кој стравува од Мојата закана!”

وَلَنُسْكِنَنَّكُمُ ٱلْأَرْضَ مِنۢ بَعْدِهِمْ ۚ
ذَٰلِكَ لِمَنْ خَافَ مَقَامِى وَخَافَ وَعِيدِ ﴿١٤﴾

**15.** И оние бараа да победат. И така секој силник тврдоглав пропадна!

وَٱسْتَفْتَحُوا۟ وَخَابَ كُلُّ جَبَّارٍ عَنِيدٍ ﴿١٥﴾

**16.** Џехеннемот е зад плеќите нивни. И ќе се напојува од вода смрдлива,

مِّن وَرَآئِهِۦ جَهَنَّمُ وَيُسْقَىٰ مِن مَّآءٍ صَدِيدٍ ﴿١٦﴾

**17.** која ќе настојува да ја голтне малку по малку, но не ќе може да ја пренесе низ грлото; и смртта ќе му дојде од секоја страна, но не ќе може да умре. И зад него има казна тешка.

يَتَجَرَّعُهُۥ وَلَا يَكَادُ يُسِيغُهُۥ وَيَأْتِيهِ
ٱلْمَوْتُ مِن كُلِّ مَكَانٍ وَمَا هُوَ بِمَيِّتٍ ۖ
وَمِن وَرَآئِهِۦ عَذَابٌ غَلِيظٌ ﴿١٧﴾

**18.** Делата на оние кои не веруваат во Господарот свој се слични на пепел кој ќе го разнесе виорот во бурен ден. И ништо не ќе им вреди она што го спечалија. Ете, тоа е, токму, беспаќе далечно!

مَّثَلُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ بِرَبِّهِمْ ۖ أَعْمَٰلُهُمْ كَرَمَادٍ
ٱشْتَدَّتْ بِهِ ٱلرِّيحُ فِى يَوْمٍ عَاصِفٍ ۖ لَّا يَقْدِرُونَ
مِمَّا كَسَبُوا۟ عَلَىٰ شَىْءٍ ۚ ذَٰلِكَ
هُوَ ٱلضَّلَٰلُ ٱلْبَعِيدُ ﴿١٨﴾

**19.** Не гледаш ли дека Аллах ги создаде небесата и Земјата со вистина? Ако посака ќе ве снема и ќе донесе ново создавање?

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ
بِٱلْحَقِّ ۚ إِن يَشَأْ يُذْهِبْكُمْ وَيَأْتِ بِخَلْقٍ جَدِيدٍ ﴿١٩﴾

**20.** За Аллах тоа не е тешко.

وَمَا ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ بِعَزِيزٍ ﴿٢٠﴾

**21.** И сите ќе се зберат кај Аллах. Па, слабите ќе им речат на оние кои се сметаа гордеЛиви: “Да, ние ве следевме. Па, можете ли вие, барем малку, да

وَبَرَزُوا۟ لِلَّهِ جَمِيعًا فَقَالَ ٱلضُّعَفَٰٓؤُا۟ لِلَّذِينَ
ٱسْتَكْبَرُوٓا۟ إِنَّا كُنَّا لَكُمْ تَبَعًا فَهَلْ أَنتُم
مُّغْنُونَ عَنَّا مِنْ عَذَابِ ٱللَّهِ مِن شَىْءٍ ۚ قَالُوا۟

ни ја намалите казната Аллахова?” Ќе речат: “Да нѐ упатеше Аллах и ние ќе ве упатевме, навистина! Нам ни е сеедно: ќе лелекаме ли или ќе трпиме, не можеме да се спасиме.”

لَوْ هَدَىٰنَا ٱللَّهُ لَهَدَيْنَٰكُمْ سَوَآءٌ عَلَيْنَآ
أَجَزِعْنَآ أَمْ صَبَرْنَا مَا لَنَا مِن مَّحِيصٍ ﴿٢١﴾

**22.** И бидејќи работата ќе биде решена, Шејтанот ќе рече: “Да, Аллах ви вети ветување вистинско, а јас ветувањето мое го изневерив. Немав никаква власт над вас, но само што ве повикав вие ми се ѕвавте. Па, не грдете ме, грдете се самите себеси. Јас не сум ваш поддржник, а и вие не сте мои поддржници. Јас, навистина, не верувам во она што ми го припишувавте порано. За зулумќарите, секако, има казна болна!”

وَقَالَ ٱلشَّيْطَٰنُ لَمَّا قُضِىَ ٱلْأَمْرُ إِنَّ ٱللَّهَ
وَعَدَكُمْ وَعْدَ ٱلْحَقِّ وَوَعَدتُّكُمْ فَأَخْلَفْتُكُمْ
وَمَا كَانَ لِىَ عَلَيْكُم مِّن سُلْطَٰنٍ إِلَّآ أَن دَعَوْتُكُمْ
فَٱسْتَجَبْتُمْ لِى فَلَا تَلُومُونِى وَلُومُوٓا۟
أَنفُسَكُم مَّآ أَنَا۠ بِمُصْرِخِكُمْ وَمَآ أَنتُم
بِمُصْرِخِىَّ إِنِّى كَفَرْتُ بِمَآ أَشْرَكْتُمُونِ
مِن قَبْلُ إِنَّ ٱلظَّٰلِمِينَ لَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٢٢﴾

**23.** А оние кои веруваа и кои работеа добри дела ќе влезат во Џеннетот низ кој реки течат и во него, со одобрението Аллахово, за навек ќе останат. Поздравот нивни во него ќе биде: Селам!

وَأُدْخِلَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ
جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ خَٰلِدِينَ
فِيهَا بِإِذْنِ رَبِّهِمْ تَحِيَّتُهُمْ فِيهَا سَلَٰمٌ ﴿٢٣﴾

**24.** Не виде ли кога Аллах донесе пример: добриот збор е како добро стебло; основата му е цврста, а гранките кон небо,

أَلَمْ تَرَ كَيْفَ ضَرَبَ ٱللَّهُ مَثَلًا كَلِمَةً طَيِّبَةً
كَشَجَرَةٍ طَيِّبَةٍ أَصْلُهَا ثَابِتٌ وَفَرْعُهَا
فِى ٱلسَّمَآءِ ﴿٢٤﴾

25. кое ги дава плодовите свои во секое доба, со одобрението од Господарот свој, и Аллах им донесува примери на луѓето за да се сеќаваат;

تُؤْتِيٓ أُكُلَهَا كُلَّ حِينِۭ بِإِذْنِ رَبِّهَاۗ وَيَضْرِبُ
ٱللَّهُ ٱلْأَمْثَالَ لِلنَّاسِ لَعَلَّهُمْ يَتَذَكَّرُونَ ٢٥

26. примерот: лошиот збор е како лошо стебло, откорнато над земја кое нема своја утврда.

وَمَثَلُ كَلِمَةٍ خَبِيثَةٍ كَشَجَرَةٍ خَبِيثَةٍ ٱجْتُثَّتْ
مِن فَوْقِ ٱلْأَرْضِ مَا لَهَا مِن قَرَارٍ ٢٦

27. Аллах ги уцврстува оние кои веруваат со цврст говор во животот на овој свет и во животот на Ахирет. Аллах ги скршнува во заблуд зулумќарите и Аллах работи со посак Свој.

يُثَبِّتُ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ بِٱلْقَوْلِ ٱلثَّابِتِ
فِى ٱلْحَيَوٰةِ ٱلدُّنْيَا وَفِى ٱلْءَاخِرَةِۖ وَيُضِلُّ ٱللَّهُ
ٱلظَّٰلِمِينَۚ وَيَفْعَلُ ٱللَّهُ مَا يَشَآءُ ٢٧

28. Не ги виде ли оние кои го изменија Аллаховиот благодат како паднаа во неверство и како го доведоа народот свој во Куќата на пропаста,

۞ أَلَمْ تَرَ إِلَى ٱلَّذِينَ بَدَّلُوا۟ نِعْمَتَ ٱللَّهِ كُفْرًا
وَأَحَلُّوا۟ قَوْمَهُمْ دَارَ ٱلْبَوَارِ ٢٨

29. во Џехеннемот во кој ќе се пржат. Е, само колку е лоша таа утврда!

جَهَنَّمَ يَصْلَوْنَهَاۖ وَبِئْسَ ٱلْقَرَارُ ٢٩

30. И оние Му припишуваа на Аллах здруженици за да скршнуваат некого, во заблуда, од Неговиот пат. Кажи: “Уживајте само малку зашто, навистина,свратилиштетот ваше е - кон огнот!”

وَجَعَلُوا۟ لِلَّهِ أَندَادًا لِّيُضِلُّوا۟ عَن سَبِيلِهِۦۗ قُلْ
تَمَتَّعُوا۟ فَإِنَّ مَصِيرَكُمْ إِلَى ٱلنَّارِ ٣٠

31. Кажи им на робовите Мои, кои веруваат, нека клањаат намаз, и нека делат од ‘рскот Наш кој им го дадовме, било

قُل لِّعِبَادِىَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ يُقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُنفِقُوا۟
مِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ سِرًّا وَعَلَانِيَةً مِّن قَبْلِ أَن يَأْتِىَ يَوْمٌ
لَّا بَيْعٌ فِيهِ وَلَا خِلَٰلٌ ٣١

тајно било јавно, пред да настапи Денот во кој нема ни продажба ни пријателство.

**32.** Аллах е Оној кој ги создаде небесата и земјата, и кој спушта вода од небото, а со неа вади плодови како ‘рск ваш. И ви го потчини бродот кој плови по морето со наредбата Негова; ви ги потчини и реките.

ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَأَنزَلَ
مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَأَخْرَجَ بِهِۦ مِنَ ٱلثَّمَرَٰتِ
رِزْقًا لَّكُمْ ۖ وَسَخَّرَ لَكُمُ ٱلْفُلْكَ لِتَجْرِىَ
فِى ٱلْبَحْرِ بِأَمْرِهِۦ ۖ وَسَخَّرَ لَكُمُ ٱلْأَنْهَٰرَ ﴿٣٢﴾

**33.** И ви ги потчини и Сонцето и Месечината кои деноноќно се движат; и ви ги потчини ноќта и денот.

وَسَخَّرَ لَكُمُ ٱلشَّمْسَ وَٱلْقَمَرَ دَآئِبَيْنِ ۖ
وَسَخَّرَ لَكُمُ ٱلَّيْلَ وَٱلنَّهَارَ ﴿٣٣﴾

**34.** И ви даде од сè она што Му баравте. И ако ги броите благодатите Аллахови не ќе можете да ги изброите. Човекот, навистина, е голем зулумќар и голем неверник!

وَءَاتَىٰكُم مِّن كُلِّ مَا سَأَلْتُمُوهُ ۚ وَإِن تَعُدُّوا۟
نِعْمَتَ ٱللَّهِ لَا تُحْصُوهَآ ۗ إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لَظَلُومٌ
كَفَّارٌ ﴿٣٤﴾

**35.** И кога Ибрахим рече: “Господаре мој, направи го овој град безбеден. И мене и синовите мои оддалечи нè од обожавањето кипови!

وَإِذْ قَالَ إِبْرَٰهِيمُ رَبِّ ٱجْعَلْ هَٰذَا ٱلْبَلَدَ ءَامِنًا
وَٱجْنُبْنِى وَبَنِىَّ أَن نَّعْبُدَ ٱلْأَصْنَامَ ﴿٣٥﴾

**36.** Господаре мој, оние, навистина, скршнаа во заблуда луѓе многу, па, кој ќе ме следи тој, секако, е со мене, а кој ми е непослушен... па, Ти си, навистина, Простувач и Сомилосен!

رَبِّ إِنَّهُنَّ أَضْلَلْنَ كَثِيرًا مِّنَ ٱلنَّاسِ ۖ فَمَن تَبِعَنِى فَإِنَّهُۥ
مِنِّى ۖ وَمَنْ عَصَانِى فَإِنَّكَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٣٦﴾

**37.** Господаре наш, дел од потомството мое го населив во долина една, неплодна, при Куќата Твоја света, Господаре наш, за да извршуваат намаз. Одреди, тогаш, срцата човечки да стремат кон нив и снабди ги со благодатите за да се заблагодаруваат!

رَّبَّنَآ إِنِّيٓ أَسۡكَنتُ مِن ذُرِّيَّتِي بِوَادٍ غَيۡرِ ذِي زَرۡعٍ
عِندَ بَيۡتِكَ ٱلۡمُحَرَّمِ رَبَّنَا لِيُقِيمُواْ ٱلصَّلَوٰةَ
فَٱجۡعَلۡ أَفۡـِٔدَةٗ مِّنَ ٱلنَّاسِ تَهۡوِيٓ إِلَيۡهِمۡ
وَٱرۡزُقۡهُم مِّنَ ٱلثَّمَرَٰتِ لَعَلَّهُمۡ يَشۡكُرُونَ ٣٧

**38.** Господаре наш, Ти, навистина, го знаеш она што го криеме и она што го обелоденуваме. И на небесата и на Земјата нема ништо за Аллах скриено.

رَبَّنَآ إِنَّكَ تَعۡلَمُ مَا نُخۡفِي وَمَا نُعۡلِنُۗ وَمَا يَخۡفَىٰ عَلَى ٱللَّهِ
مِن شَيۡءٖ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَلَا فِي ٱلسَّمَآءِ ٣٨

**39.** Благодарение на Аллах кој во старост ми го подари Исмаил и Исхак. Господарот мој, навистина, е Слушач на молбите!

ٱلۡحَمۡدُ لِلَّهِ ٱلَّذِي وَهَبَ لِي عَلَى ٱلۡكِبَرِ إِسۡمَٰعِيلَ
وَإِسۡحَٰقَۚ إِنَّ رَبِّي لَسَمِيعُ ٱلدُّعَآءِ ٣٩

**40.** Господаре мој, одреди јас и дел од потомството мое, да бидеме постојани во намаз; Господаре наш, прими ги молбите!

رَبِّ ٱجۡعَلۡنِي مُقِيمَ ٱلصَّلَوٰةِ وَمِن ذُرِّيَّتِيۚ
رَبَّنَا وَتَقَبَّلۡ دُعَآءِ ٤٠

**41.** Господаре наш, прости ни, и мене и на родителите мои, и на верниците на Денот во кој ќе се оствари пресметката!”

رَبَّنَا ٱغۡفِرۡ لِي وَلِوَٰلِدَيَّ وَلِلۡمُؤۡمِنِينَ يَوۡمَ يَقُومُ
ٱلۡحِسَابُ ٤١

**42.** И во никој случај не сметај дека Аллах е невнимателен кон она што го прават зулумќарите. Аллах, навистина, ги остава до денот во кој очите ќе се скаменат, отворени;

وَلَا تَحۡسَبَنَّ ٱللَّهَ غَٰفِلًا عَمَّا يَعۡمَلُ
ٱلظَّٰلِمُونَۚ إِنَّمَا يُؤَخِّرُهُمۡ لِيَوۡمٖ تَشۡخَصُ
فِيهِ ٱلۡأَبۡصَٰرُ ٤٢

**43.** и дека ќе трчаат преплашени, со дигнати глави, очите ококорени а срцата празни.

مُهْطِعِينَ مُقْنِعِي رُءُوسِهِمْ لَا يَرْتَدُّ إِلَيْهِمْ طَرْفُهُمْ
وَأَفْـِٔدَتُهُمْ هَوَآءٌ ﴿٤٣﴾

**44.** И опомени ги луѓето за Денот во кој ќе им дојде казната кога оние кои правеа зулум ќе речат: “Господаре наш, остави нè за кратко време; ќе се оѕвиеме на повикот Твој и ќе ги следиме пејгамберите.” - “Нели се колневте од порано дека никогаш не ќе исчезнете?”

وَأَنذِرِ ٱلنَّاسَ يَوْمَ يَأْتِيهِمُ ٱلْعَذَابُ فَيَقُولُ ٱلَّذِينَ
ظَلَمُوا۟ رَبَّنَآ أَخِّرْنَآ إِلَىٰٓ أَجَلٍ قَرِيبٍ نُّجِبْ دَعْوَتَكَ
وَنَتَّبِعِ ٱلرُّسُلَ ۗ أَوَلَمْ تَكُونُوٓا۟ أَقْسَمْتُم
مِّن قَبْلُ مَا لَكُم مِّن زَوَالٍ ﴿٤٤﴾

**45.** И живеевте во домовите на оние кои направија зулум за себеси, и ви стана јасно како постапивме со нив. Па, за вас донесовме примери.

وَسَكَنتُمْ فِى مَسَـٰكِنِ ٱلَّذِينَ ظَلَمُوٓا۟
أَنفُسَهُمْ وَتَبَيَّنَ لَكُمْ كَيْفَ فَعَلْنَا بِهِمْ
وَضَرَبْنَا لَكُمُ ٱلْأَمْثَالَ ﴿٤٥﴾

**46.** Оние, секако, правеа сплетки, а сплетките нивни се под волјата Аллахова, а сплетката нивна не може да ги помести ридовите.

وَقَدْ مَكَرُوا۟ مَكْرَهُمْ وَعِندَ ٱللَّهِ مَكْرُهُمْ
وَإِن كَانَ مَكْرُهُمْ لِتَزُولَ
مِنْهُ ٱلْجِبَالُ ﴿٤٦﴾

**47.** Па, никако не сметај дека Аллах ќе го изневери ветувањето Свое кон пејгамберите Свои. Аллах, навистина, е Силен и Одмаздник!

فَلَا تَحْسَبَنَّ ٱللَّهَ مُخْلِفَ وَعْدِهِۦ رُسُلَهُۥٓ ۚ
إِنَّ ٱللَّهَ عَزِيزٌ ذُو ٱنتِقَامٍ ﴿٤٧﴾

**48.** на Денот кога земјата ќе биде заменета со друга земја, па и небесата; и кога сите ќе

يَوْمَ تُبَدَّلُ ٱلْأَرْضُ غَيْرَ ٱلْأَرْضِ وَٱلسَّمَـٰوَٰتُ ۖ
وَبَرَزُوا۟ لِلَّهِ ٱلْوَٰحِدِ ٱلْقَهَّارِ ﴿٤٨﴾

излезат пред Аллах, Единствениот и Моќниот!

49. И ќе ги видиш силниците на Денот тој, врзани во синџири,

وَتَرَى ٱلْمُجْرِمِينَ يَوْمَئِذٍ مُّقَرَّنِينَ فِى ٱلْأَصْفَادِ ﴿٤٩﴾

50. а кошулите нивни од катран, а лицата нивни покриени со пламен,

سَرَابِيلُهُم مِّن قَطِرَانٍ وَتَغْشَىٰ وُجُوهَهُمُ ٱلنَّارُ ﴿٥٠﴾

51. за Аллах да ја казни секоја душа за она што го спечалила. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

لِيَجْزِىَ ٱللَّهُ كُلَّ نَفْسٍ مَّا كَسَبَتْ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَرِيعُ ٱلْحِسَابِ ﴿٥١﴾

52. Ете, ова е известување за луѓето со него да бидат опоменати, и да знаат дека Он, навистина, е еден Бог, и за да се присетат надарените со разбир!

هَٰذَا بَلَٰغٌ لِّلنَّاسِ وَلِيُنذَرُوا۟ بِهِۦ وَلِيَعْلَمُوٓا۟ أَنَّمَا هُوَ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌ وَلِيَذَّكَّرَ أُو۟لُوا۟ ٱلْأَلْبَٰبِ ﴿٥٢﴾

## *ЕЛ-ХИЏР (*Хиџр) IX

سُورَةُ الحِجْر

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Елиф,лам, ра! Ете, ајети на Книгата и Кур'ан јасен.

الٓر ۚ تِلْكَ ءَايَٰتُ ٱلْكِتَٰبِ وَقُرْءَانٍ مُّبِينٍ ﴿١﴾

2. Оние кои не веруваат би посакале да бидат меѓу Послушните!

رُّبَمَا يَوَدُّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوْ كَانُوا۟ مُسْلِمِينَ ﴿٢﴾

3. Остави ги! Нека јадат, и нека уживаат, и нека ги мами надежта... па, ќе узнаат!

ذَرْهُمْ يَأْكُلُوا۟ وَيَتَمَتَّعُوا۟ وَيُلْهِهِمُ ٱلْأَمَلُ ۖ فَسَوْفَ يَعْلَمُونَ ﴿٣﴾

4. И Ние не уништивме ниеден град а истиот да немаше Книга позната.

وَمَآ أَهْلَكْنَا مِن قَرْيَةٍ إِلَّا وَلَهَا كِتَابٌ مَّعْلُومٌ ﴿٤﴾

**5.** И ниеден народ не може ни да го забрза ни да го задоцни крајот свој.

مَّا تَسۡبِقُ مِنۡ أُمَّةٍ أَجَلَهَا وَمَا يَسۡتَـٔۡخِرُونَ ٥

**6.** И зборуваа: “О ти, со Опомената која ти дојде, ти си, навистина, луд!”

وَقَالُواْ يَـٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِي نُزِّلَ عَلَيۡهِ
ٱلذِّكۡرُ إِنَّكَ لَمَجۡنُونٞ ٦

**7.** И зошто не ни дојде, ако си меѓу искрените, со мелек.

لَّوۡ مَا تَأۡتِينَا بِٱلۡمَلَـٰٓئِكَةِ إِن كُنتَ
مِنَ ٱلصَّـٰدِقِينَ ٧

**8.** Ние спуштивме мелеки само со вистина; мелеките, тогаш, не би го очекувале рокот.

مَا نُنَزِّلُ ٱلۡمَلَـٰٓئِكَةَ إِلَّا بِٱلۡحَقِّ وَمَا كَانُوٓاْ
إِذٗا مُّنظَرِينَ ٨

**9.** Ние, навистина, ја објавивме Опомената и Ние, навистина, ќе ја чуваме.

إِنَّا نَحۡنُ نَزَّلۡنَا ٱلذِّكۡرَ وَإِنَّا لَهُۥ لَحَٰفِظُونَ ٩

**10.** И пред тебе Ние испраќавме пејгамбери меѓу народите одамнешни.

وَلَقَدۡ أَرۡسَلۡنَا مِن قَبۡلِكَ فِي شِيَعِ ٱلۡأَوَّلِينَ ١٠

**11.** И не им доаѓаше никој меѓу пејгамберите а да не го исмеваа.

وَمَا يَأۡتِيهِم مِّن رَّسُولٍ إِلَّا كَانُواْ بِهِۦ يَسۡتَهۡزِءُونَ ١١

**12.** Ете, така исмејувањето Ние го внесуваме во срцата на силниците!

كَذَٰلِكَ نَسۡلُكُهُۥ فِي قُلُوبِ ٱلۡمُجۡرِمِينَ ١٢

**13.** И оние не веруваат во Кур’анот. И веќе помина праксата на претходните народи.

لَا يُؤۡمِنُونَ بِهِۦ وَقَدۡ خَلَتۡ سُنَّةُ ٱلۡأَوَّلِينَ ١٣

**14.** А Ние да им отворевме врата на небесата...па, да се искачеа преку неа,

وَلَوۡ فَتَحۡنَا عَلَيۡهِم بَابٗا مِّنَ ٱلسَّمَآءِ فَظَلُّواْ فِيهِ
يَعۡرُجُونَ ١٤

**15.** и ќе речеа сигурно: “Тоа, секако, е заради тоа што нашите

لَقَالُوٓاْ إِنَّمَا سُكِّرَتۡ أَبۡصَٰرُنَا

очи се восхитени и, токму, затоа што сме восхитени!"

بَلۡ نَحۡنُ قَوۡمٞ مَّسۡحُورُونَ ١٥

**16.** И Ние, навистина, на небесата соѕвездија поставивме и ги разубавивме за гледачите,

وَلَقَدۡ جَعَلۡنَا فِي ٱلسَّمَآءِ بُرُوجٗا وَزَيَّنَّٰهَا
لِلنَّٰظِرِينَ ١٦

**17.** и Ние ги сочувавме од секој шејтан проколнет,

وَحَفِظۡنَٰهَا مِن كُلِّ شَيۡطَٰنٖ رَّجِيمٍ ١٧

**18.** освен од оној со скриеното прислушкување кого го следи, токму, ѕвездичка јасна.

إِلَّا مَنِ ٱسۡتَرَقَ ٱلسَّمۡعَ فَأَتۡبَعَهُۥ شِهَابٞ مُّبِينٞ ١٨

**19.** И Земјата Ние ја раширивме и по неа брда расфрлавме, и од неа направивме да никне од сѐ по нешто, со рамнотежа.

وَٱلۡأَرۡضَ مَدَدۡنَٰهَا وَأَلۡقَيۡنَا فِيهَا رَوَٰسِيَ وَأَنۢبَتۡنَا
فِيهَا مِن كُلِّ شَيۡءٖ مَّوۡزُونٖ ١٩

**20.** И на неа Ние определивме животни намирници за вас и за оние на кои вие не сте тие кои им давате 'рск.

وَجَعَلۡنَا لَكُمۡ فِيهَا مَعَٰيِشَ وَمَن لَّسۡتُمۡ لَهُۥ
بِرَٰزِقِينَ ٢٠

**21.** И ризниците на секоја благодат се кај Нас и не ја спуштаме, освен со мера позната.

وَإِن مِّن شَيۡءٍ إِلَّا عِندَنَا خَزَآئِنُهُۥ وَمَا نُنَزِّلُهُۥٓ
إِلَّا بِقَدَرٖ مَّعۡلُومٖ ٢١

**22.** И Ние испраќаме ветрови како оплодувачи и од небото спуштаме вода, па со неа вие наводнувате и не сте кадри да ги задржите.

وَأَرۡسَلۡنَا ٱلرِّيَٰحَ لَوَٰقِحَ فَأَنزَلۡنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءٗ
فَأَسۡقَيۡنَٰكُمُوهُ وَمَآ أَنتُمۡ لَهُۥ بِخَٰزِنِينَ ٢٢

**23.** И Ние, навистина, оживуваме и Ние усмртуваме и само Ние сме Наследници.

وَإِنَّا لَنَحۡنُ نُحۡيِۦ وَنُمِيتُ وَنَحۡنُ ٱلۡوَٰرِثُونَ ٢٣

**24.** Да, Ние ги знаеме и претходниците меѓу вас и, секако, ги знаеме и оние што ќе дојдат по вас.

وَلَقَدْ عَلِمْنَا ٱلْمُسْتَقْدِمِينَ مِنكُمْ وَلَقَدْ عَلِمْنَا ٱلْمُسْتَـْٔخِرِينَ ﴿٢٤﴾

**25.** Да, Господарот твој е Оној кој ќе ги збере. Он, навистина, е Мудар и Зналец!

وَإِنَّ رَبَّكَ هُوَ يَحْشُرُهُمْ ۚ إِنَّهُۥ حَكِيمٌ عَلِيمٌ ﴿٢٥﴾

**26.** И Ние го создадовме човекот, секако, од глина што се меси, од кал што се тегне.

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلْإِنسَـٰنَ مِن صَلْصَـٰلٍ مِّنْ حَمَإٍ مَّسْنُونٍ ﴿٢٦﴾

**27.** И Ние џиновите ги создадовме од порано од оган кој пламти.

وَٱلْجَآنَّ خَلَقْنَـٰهُ مِن قَبْلُ مِن نَّارِ ٱلسَّمُومِ ﴿٢٧﴾

**28.** И кога Господарот твој им рече на мелеките: “Јас сум, навистина, Создател на човекот од глина што се меси, од кал што се тегне,

وَإِذْ قَالَ رَبُّكَ لِلْمَلَـٰٓئِكَةِ إِنِّى خَـٰلِقٌۢ بَشَرًا مِّن صَلْصَـٰلٍ مِّنْ حَمَإٍ مَّسْنُونٍ ﴿٢٨﴾

**29.** и кога ќе го обликувам и кога во него ќе вдахнам од духот, творот Мој... па, паднете му на сеџде!”

فَإِذَا سَوَّيْتُهُۥ وَنَفَخْتُ فِيهِ مِن رُّوحِى فَقَعُوا۟ لَهُۥ سَـٰجِدِينَ ﴿٢٩﴾

**30.** И тогаш сите мелеки паднаа на сеџде, заедно!

فَسَجَدَ ٱلْمَلَـٰٓئِكَةُ كُلُّهُمْ أَجْمَعُونَ ﴿٣٠﴾

**31.** Освен Иблис кој одби да биде меѓу оние кои паѓаат на сеџде.

إِلَّآ إِبْلِيسَ أَبَىٰٓ أَن يَكُونَ مَعَ ٱلسَّـٰجِدِينَ ﴿٣١﴾

**32.** Аллах рече: “О Иблис, што ти се случи па да не паднеш на сеџде?”

قَالَ يَـٰٓإِبْلِيسُ مَا لَكَ أَلَّا تَكُونَ مَعَ ٱلسَّـٰجِدِينَ ﴿٣٢﴾

**33.** Иблис рече: “Не сакам да паднам на сеџде пред човекот кого го создаде од глина што се меси, од кал што се тегне!”

قَالَ لَمۡ أَكُن لِّأَسۡجُدَ لِبَشَرٍ خَلَقۡتَهُۥ مِن صَلۡصَٰلٖ
مِّنۡ حَمَإٖ مَّسۡنُونٖ ٣٣

**34.** Аллах рече: “Излези, тогаш, од Џеннетот! Па, ти си, навистина, силник!”

قَالَ فَٱخۡرُجۡ مِنۡهَا فَإِنَّكَ رَجِيمٞ ٣٤

**35.** И рече: “И врз тебе нека биде проклетството до Денот суден!”

وَإِنَّ عَلَيۡكَ ٱللَّعۡنَةَ إِلَىٰ يَوۡمِ ٱلدِّينِ ٣٥

**36.** Иблис рече: “Господаре мој, тогаш дај ми рок до Денот во кој оние ќе бидат проживеани.”

قَالَ رَبِّ فَأَنظِرۡنِيٓ إِلَىٰ يَوۡمِ يُبۡعَثُونَ ٣٦

**37.** Па, ти се дава рок, навистина, до

قَالَ فَإِنَّكَ مِنَ ٱلۡمُنظَرِينَ ٣٧

**38.** Денот на времето познато.

إِلَىٰ يَوۡمِ ٱلۡوَقۡتِ ٱلۡمَعۡلُومِ ٣٨

**39.** Иблис рече: “Господаре мој, бидејќи направи да скршнам во заблуда, ќе им го правам животот на луѓето на земјава убав и ќе правам да лутаат, сите оние,

قَالَ رَبِّ بِمَآ أَغۡوَيۡتَنِي لَأُزَيِّنَنَّ لَهُمۡ فِي ٱلۡأَرۡضِ
وَلَأُغۡوِيَنَّهُمۡ أَجۡمَعِينَ ٣٩

**40.** освен чистите робови Твои.”

إِلَّا عِبَادَكَ مِنۡهُمُ ٱلۡمُخۡلَصِينَ ٤٠

**41.** Аллах рече: “Ова е патот Мој вистински!

قَالَ هَٰذَا صِرَٰطٌ عَلَيَّ مُسۡتَقِيمٌ ٤١

**42.** Врз робовите Мои, навистина, ќе немаш власт, освен врз оној кој те следи меѓу скршнатите во заблуда.

إِنَّ عِبَادِي لَيۡسَ لَكَ عَلَيۡهِمۡ سُلۡطَٰنٌ إِلَّا مَنِ ٱتَّبَعَكَ
مِنَ ٱلۡغَاوِينَ ٤٢

**43**. Џехеннемот, навистина, е нивната ветена средба, за сите!

وَإِنَّ جَهَنَّمَ لَمَوْعِدُهُمْ أَجْمَعِينَ ﴿٤٣﴾

**44**. Џехеннемот има седум врати и низ секоја врата еден од нив ќе поминува.

لَهَا سَبْعَةُ أَبْوَٰبٍ لِّكُلِّ بَابٍ مِّنْهُمْ
جُزْءٌ مَّقْسُومٌ ﴿٤٤﴾

**45**. Богобојазливите,навистина, ќе бидат во бавчите џеннетски, покрај изворите.

إِنَّ ٱلْمُتَّقِينَ فِى جَنَّٰتٍ وَعُيُونٍ ﴿٤٥﴾

**46**."Влезете во нив со селам, безбедни!"

ٱدْخُلُوهَا بِسَلَٰمٍ ءَامِنِينَ ﴿٤٦﴾

**47**. Омразата од градите нивни Ние ќе ја оттргнеме; ќе се однесуваат како браќа, радосни, едникондруги свртени.

وَنَزَعْنَا مَا فِى صُدُورِهِم مِّنْ غِلٍّ إِخْوَٰنًا
عَلَىٰ سُرُرٍ مُّتَقَٰبِلِينَ ﴿٤٧﴾

**48**. Во нив не ќе ги обзеде ни замор и од нив нема да излезат.

لَا يَمَسُّهُمْ فِيهَا نَصَبٌ
وَمَا هُم مِّنْهَا بِمُخْرَجِينَ ﴿٤٨﴾

**49**. Известете ги робовите Мои дека јас сум, навистина, Простувач и Сомилосен,

۞ نَبِّئْ عِبَادِىٓ أَنِّىٓ أَنَا ٱلْغَفُورُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٤٩﴾

**50**. и дека казната Моја, навистина, е казна болна!

وَأَنَّ عَذَابِى هُوَ ٱلْعَذَابُ ٱلْأَلِيمُ ﴿٥٠﴾

**51**. И извести ги за гостите на Ибрахим,

وَنَبِّئْهُمْ عَن ضَيْفِ إِبْرَٰهِيمَ ﴿٥١﴾

**52**. кога влегоа кај него... па рекоа: "Селам!" Тој рече: "Ние од вас се уплашивме, навистина!"

إِذْ دَخَلُوا۟ عَلَيْهِ فَقَالُوا۟ سَلَٰمًا قَالَ إِنَّا مِنكُمْ
وَجِلُونَ ﴿٥٢﴾

**53**. Тие рекоа: "Не плаши се! Ние, навистина, ќе те зарадуваме со син кој ќе биде учен."

قَالُوا۟ لَا تَوْجَلْ إِنَّا نُبَشِّرُكَ بِغُلَٰمٍ عَلِيمٍ ﴿٥٣﴾

**54**. Тој рече: “Па, како ќе ме зарадувате кога веќе староста ме снеможе? И како, навистина, ќе ме зарадувате?”

قَالَ أَبَشَّرْتُمُونِي عَلَىٰٓ أَن مَّسَّنِيَ ٱلْكِبَرُ فَبِمَ تُبَشِّرُونَ ٥٤

**55**. Тие рекоа: “Ќе те зарадуваме со вистината, па никако не биди меѓу безнадежниците!”

قَالُواْ بَشَّرْنَٰكَ بِٱلْحَقِّ فَلَا تَكُن مِّنَ ٱلْقَٰنِطِينَ ٥٥

**56**. И рече: “Само во заблуда скршнатите немаат надеж во Господарот негов!”

قَالَ وَمَن يَقْنَطُ مِن رَّحْمَةِ رَبِّهِۦٓ إِلَّا ٱلضَّآلُّونَ ٥٦

**57**. И рече: “О пратеници, што сакате?”

قَالَ فَمَا خَطْبُكُمْ أَيُّهَا ٱلْمُرْسَلُونَ ٥٧

**58**. Тие рекоа: “Ние сме, навистина, испратени до народот насилнички!”

قَالُوٓاْ إِنَّآ أُرْسِلْنَآ إِلَىٰ قَوْمٍ مُّجْرِمِينَ ٥٨

**59**. Семејството на Нух, сите синови негови, Ние ќе ги спасиме,

إِلَّآ ءَالَ لُوطٍ إِنَّا لَمُنَجُّوهُمْ أَجْمَعِينَ ٥٩

**60**. освен жената негова за која Ние решивме да биде меѓу оние што ќе останат за подоцна.

إِلَّا ٱمْرَأَتَهُۥ قَدَّرْنَآ إِنَّهَا لَمِنَ ٱلْغَٰبِرِينَ ٦٠

**61**. И бидејќи пратениците му дојдоа на семејството на Лут,

فَلَمَّا جَآءَ ءَالَ لُوطٍ ٱلْمُرْسَلُونَ ٦١

**62**. рече:“Вие сте, навистина, луѓе незначителни!”

قَالَ إِنَّكُمْ قَوْمٌ مُّنكَرُونَ ٦٢

**63**. Рекоа:“Не, ти дојдовме заради она во што оние се сомневаат!

قَالُواْ بَلْ جِئْنَٰكَ بِمَا كَانُواْ فِيهِ يَمْتَرُونَ ٦٣

**64**. Ти дојдовме со вистина и ние сме, навистина, искрени! “

وَأَتَيْنَٰكَ بِٱلْحَقِّ وَإِنَّا لَصَٰدِقُونَ ٦٤

**65**. Па, семејството твое нека излезе при крајот на ноќта, а ти следи го одзади и никој меѓу вас нека не го врти погледот назад. И одете таму кај што ви се наредува!

فَأَسْرِ بِأَهْلِكَ بِقِطْعٍ مِّنَ ٱلَّيْلِ وَٱتَّبِعْ أَدْبَٰرَهُمْ
وَلَا يَلْتَفِتْ مِنكُمْ أَحَدٌ وَٱمْضُواْ حَيْثُ تُؤْمَرُونَ ﴿٦٥﴾

**66**. И Ние нему му ја одредивме таа наредба дека крајот на сите нив, секако, ќе биде докрајчен во мугрите.

وَقَضَيْنَآ إِلَيْهِ ذَٰلِكَ ٱلْأَمْرَ أَنَّ دَابِرَ هَٰٓؤُلَآءِ
مَقْطُوعٌ مُّصْبِحِينَ ﴿٦٦﴾

**67**. И жителите на градот дојдоа кај него, донесувајќи радосници.

وَجَآءَ أَهْلُ ٱلْمَدِينَةِ يَسْتَبْشِرُونَ ﴿٦٧﴾

**68**. Рече: “Да,оние се гости мои и, тогаш, не срамотете ме!

قَالَ إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ ضَيْفِى فَلَا تَفْضَحُونِ ﴿٦٨﴾

**69**. И плашете се од Аллах и не понижувајте ме!”

وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَ وَلَا تُخْزُونِ ﴿٦٩﴾

**70**. Тие рекоа: “Нели ти забранивме да примаш луѓе?”

قَالُوٓاْ أَوَلَمْ نَنْهَكَ عَنِ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٧٠﴾

**71**. Тој рече: “Тоа се ќерки мои ако сакате да правите нешто.”

قَالَ هَٰٓؤُلَآءِ بَنَاتِىٓ إِن كُنتُمْ فَٰعِلِينَ ﴿٧١﴾

**72**. Се колниме во животот твој оние, навистина, талкаат во пијанството свое.

لَعَمْرُكَ إِنَّهُمْ لَفِى سَكْرَتِهِمْ يَعْمَهُونَ ﴿٧٢﴾

**73**. Па, ги обзеде глас страшен при изгрејсонце.

فَأَخَذَتْهُمُ ٱلصَّيْحَةُ مُشْرِقِينَ ﴿٧٣﴾

**74**. Па, она што беше горе Ние определивме да биде долу, и ги опсипавме со дожд од скаменета земја.

فَجَعَلْنَا عَٰلِيَهَا سَافِلَهَا وَأَمْطَرْنَا عَلَيْهِمْ حِجَارَةً
مِّن سِجِّيلٍ ﴿٧٤﴾

**75**. Ете,во тоа, навистина, има знаменија за оние кои внимателно гледаат.

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَآيَٰتٖ لِّلۡمُتَوَسِّمِينَ ٧٥

**76**. И тој град покрај патот, токму, е утврден.

وَإِنَّهَا لَبِسَبِيلٖ مُّقِيمٍ ٧٦

**77**. Во тоа, навистина, има знаменија за верниците.

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَأٓيَةٗ لِّلۡمُؤۡمِنِينَ ٧٧

**78**. Жителите на Ајка беа, секако, зулумќари!

وَإِن كَانَ أَصۡحَٰبُ ٱلۡأَيۡكَةِ لَظَٰلِمِينَ ٧٨

**79**. Па, Ние им се одмаздивме. И двата града се, секако, на патот очигледен!

فَٱنتَقَمۡنَا مِنۡهُمۡ وَإِنَّهُمَا لَبِإِمَامٖ مُّبِينٖ ٧٩

**80**. Да, жителите на Хиџр ги сметаа за лажни пејгамберите,

وَلَقَدۡ كَذَّبَ أَصۡحَٰبُ ٱلۡحِجۡرِ ٱلۡمُرۡسَلِينَ ٨٠

**81**. и Ние им ги објавивме знаменијата Наши... па, кон нив беа рамнодушни.

وَءَاتَيۡنَٰهُمۡ ءَايَٰتِنَا فَكَانُواْ عَنۡهَا مُعۡرِضِينَ ٨١

**82**. И по брдата длабеа куќи безбедни.

وَكَانُواْ يَنۡحِتُونَ مِنَ ٱلۡجِبَالِ بُيُوتًا ءَامِنِينَ ٨٢

**83**. Па, ги обзеде страшен глас при изгрејсонце.

فَأَخَذَتۡهُمُ ٱلصَّيۡحَةُ مُصۡبِحِينَ ٨٣

**84**. Па, она што го спечалија не им користеше за ништо.

فَمَآ أَغۡنَىٰ عَنۡهُم مَّا كَانُواْ يَكۡسِبُونَ ٨٤

**85**. И Ние го создадовме она што е на небесата и она што е на Земјата, и она што е меѓу нив со вистина. Однесувај се,тогаш, учтиво, зашто Часот ќе дојде, сигурно!

وَمَا خَلَقۡنَا ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضَ وَمَا بَيۡنَهُمَآ إِلَّا بِٱلۡحَقِّۗ وَإِنَّ ٱلسَّاعَةَ لَأٓتِيَةٞۖ فَٱصۡفَحِ ٱلصَّفۡحَ ٱلۡجَمِيلَ ٨٥

**86**. Господарот твој, навистина, е Создател и Зналец!

إِنَّ رَبَّكَ هُوَ ٱلۡخَلَّٰقُ ٱلۡعَلِيمُ ٨٦

**87**. Ние ти објавивме, секако, седум ајети кои се повторуваат и Кур’ан голем!

وَلَقَدْ آتَيْنَاكَ سَبْعًا مِّنَ الْمَثَانِي وَالْقُرْآنَ
الْعَظِيمَ ﴿٨٧﴾

**88**. И не управувај го погледот твој кон она за што Ние определивме да уживаат за кратко некои меѓу дружините нивни. Не тагувај за нив, а кон верниците, меѓутоа, спушти го крилото твое,

لَا تَمُدَّنَّ عَيْنَيْكَ إِلَىٰ مَا مَتَّعْنَا بِهِ أَزْوَاجًا مِّنْهُمْ
وَلَا تَحْزَنْ عَلَيْهِمْ وَاخْفِضْ جَنَاحَكَ لِلْمُؤْمِنِينَ ﴿٨٨﴾

**89**. и кажи: “Јас сум, навистина, опоменувач јасен!”

وَقُلْ إِنِّي أَنَا النَّذِيرُ الْمُبِينُ ﴿٨٩﴾

**90**. Ние еднакво постапивме со она што го објавивме против разделувачите

كَمَا أَنزَلْنَا عَلَى الْمُقْتَسِمِينَ ﴿٩٠﴾

**91**. оние кои Кур’анот го разделија на повеќе парчиња.

الَّذِينَ جَعَلُوا الْقُرْآنَ عِضِينَ ﴿٩١﴾

**92**. Па, се колниме во Господарот твој дека, сигурно, сите нив ќе ги прашуваме

فَوَرَبِّكَ لَنَسْأَلَنَّهُمْ أَجْمَعِينَ ﴿٩٢﴾

**93**. за она што го работеа.

عَمَّا كَانُوا يَعْمَلُونَ ﴿٩٣﴾

**94**. Па, кажувај го јасно она што ти се наредува и избегнувај ги многубошците!

فَاصْدَعْ بِمَا تُؤْمَرُ وَأَعْرِضْ عَنِ الْمُشْرِكِينَ ﴿٩٤﴾

**95**. Ние сме сигурно доволни за тебе во однос на исмевачите,

إِنَّا كَفَيْنَاكَ الْمُسْتَهْزِئِينَ ﴿٩٥﴾

**96**. кои на Аллах му здружуваат друг бог; па, ќе узнаат!

الَّذِينَ يَجْعَلُونَ مَعَ اللَّهِ إِلَٰهًا آخَرَ
فَسَوْفَ يَعْلَمُونَ ﴿٩٦﴾

**97**. Да, Ние знаеме дека ти, навистина, ги стеснуваш градите твои за она што го зборуваат.

وَلَقَدْ نَعْلَمُ أَنَّكَ يَضِيقُ صَدْرُكَ بِمَا يَقُولُونَ ﴿٩٧﴾

**98**. Па, слави Го, со благодар-
ност, Господарот твој и биди
меѓу оние кои паѓаат на сеџде.

فَسَبِّحْ بِحَمْدِ رَبِّكَ وَكُن مِّنَ السَّاجِدِينَ ﴿٩٨﴾

**99**. И обожавај Го Господарот
твој сѐ додека не ти дојде
смртта!

وَاعْبُدْ رَبَّكَ حَتَّىٰ يَأْتِيَكَ الْيَقِينُ ﴿٩٩﴾

## *ЕН-НАХЛ (Пчела) XVI*

سُورَةُ النَّحْلِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Наредбата Аллахова ќе се
оствари, сигурно, па не забрзу-
вајте ја! Славен е и Возвишен од
она што Му го здружуваат!

أَتَىٰ أَمْرُ اللَّهِ فَلَا تَسْتَعْجِلُوهُ ۚ سُبْحَانَهُ وَتَعَالَىٰ
عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿١﴾

**2.** И Он со својата наредба
спушта мелек со објава до оној
кому сака меѓу робовите Свои:
“Опоменувајте дека освен Него
нема друг бог. Па, само од Мене
стравувајте!”

يُنَزِّلُ الْمَلَائِكَةَ بِالرُّوحِ مِنْ أَمْرِهِ عَلَىٰ مَن يَشَاءُ مِنْ
عِبَادِهِ أَنْ أَنذِرُوا أَنَّهُ لَا إِلَٰهَ إِلَّا أَنَا فَاتَّقُونِ ﴿٢﴾

**3.** И небесата и Земјата Он ги
создаде со вистина. Он е над она
што Му го здружуваат!

خَلَقَ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضَ بِالْحَقِّ ۚ تَعَالَىٰ
عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿٣﴾

**4.** Он го создаде човекот од
капка семе и тој, ете, е непри-
јател отворен!

خَلَقَ الْإِنسَانَ مِن نُّطْفَةٍ فَإِذَا
هُوَ خَصِيمٌ مُّبِينٌ ﴿٤﴾

**5.** И добитокот Он за вас го
создаде. Од нив имате топла
облека и користи, и од нив и
јадете.

وَالْأَنْعَامَ خَلَقَهَا ۗ لَكُمْ فِيهَا دِفْءٌ وَمَنَافِعُ
وَمِنْهَا تَأْكُلُونَ ﴿٥﴾

**6**. И колкава е убавината за вас кога ги враќате од пасиште и кога ги носите на пасиште.

وَلَكُمْ فِيهَا جَمَالٌ حِينَ تُرِيحُونَ
وَحِينَ تَسْرَحُونَ ٦

**7.** И го носи товарот ваш до градот до кој можете да дојдете само со тешкотија голема. Господарот ваш, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен!

وَتَحْمِلُ أَثْقَالَكُمْ إِلَىٰ بَلَدٍ لَّمْ تَكُونُوا بَالِغِيهِ
إِلَّا بِشِقِّ الْأَنفُسِ ۚ إِنَّ رَبَّكُمْ
لَرَءُوفٌ رَّحِيمٌ ٧

**8.** И коњи, и маски и магариња за да ги јавате и како украс; и го создава она што не го знаете!

وَالْخَيْلَ وَالْبِغَالَ وَالْحَمِيرَ لِتَرْكَبُوهَا وَزِينَةً ۚ
وَيَخْلُقُ مَا لَا تَعْلَمُونَ ٨

**9.** Намерата да се оди кон патоказот е - Аллахова. А некои, пак, од него скршнуваат. И кога Он би сакал би ве упатил сите, сигурно!

وَعَلَى اللَّهِ قَصْدُ السَّبِيلِ وَمِنْهَا جَائِرٌ ۚ وَلَوْ شَاءَ
لَهَدَاكُمْ أَجْمَعِينَ ٩

**10**. Он од небо ви спушта вода; од неа напивка и со која се наводнуваат пасиштата каде го чувате да паси добитокот ваш.

هُوَ الَّذِي أَنزَلَ مِنَ السَّمَاءِ مَاءً ۖ لَّكُم مِّنْهُ
شَرَابٌ وَمِنْهُ شَجَرٌ فِيهِ تُسِيمُونَ ١٠

**11**. И со водата расте за вас посев: маслинка, и урми и грозје и плодови секакви. Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои размислуваат!

يُنبِتُ لَكُم بِهِ الزَّرْعَ وَالزَّيْتُونَ وَالنَّخِيلَ
وَالْأَعْنَابَ وَمِن كُلِّ الثَّمَرَاتِ ۗ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ
لَآيَةً لِّقَوْمٍ يَتَفَكَّرُونَ ١١

**12**. И Он ви ги потчини и ноќта и денот, и Сонцето и Месечината, а и ѕвездите ви се потчинети со наредбата Негова. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето кои сфаќаат!

وَسَخَّرَ لَكُمُ اللَّيْلَ وَالنَّهَارَ وَالشَّمْسَ وَالْقَمَرَ ۖ
وَالنُّجُومُ مُسَخَّرَاتٌ بِأَمْرِهِ ۗ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ
لَآيَاتٍ لِّقَوْمٍ يَعْقِلُونَ ١٢

**13**. Он ви го потчини и она што расте на земјата со различни бои. Во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои се сеќаваат!

وما ذرأ لكم في الأرض مختلفا ألوانه
إن في ذلك لآية لقوم
يذكرون ﴿١٣﴾

**14**. И Он ви го потчини морето од него за да јадете свежо месо, и од него за да вадите украс кој го носите со облеката, и гледаш како чамецот го сече, и за да барате, секако, од добрината Негова и за да бидете благодарни!

وهو الذي سخر البحر لتأكلوا منه
لحما طريا وتستخرجوا منه حلية تلبسونها
وترى الفلك مواخر فيه ولتبتغوا
من فضله ولعلكم تشكرون ﴿١٤﴾

**15**. И Он расфрла по земјата брда, таа за да не ве потресува, и реки и патишта за да се упатувате,

وألقى في الأرض رواسي أن تميد بكم
وأنهارا وسبلا لعلكم تهتدون ﴿١٥﴾

**16.** и покази, исто така, Он ви создаде, и по ѕвездите оние, токму, се упатуваат.

وعلامات وبالنجم هم يهتدون ﴿١٦﴾

**17.** Оној кој создава дали е како оној кој не создава? Па, нема ли да се присетите?

أفمن يخلق كمن لا يخلق أفلا تذكرون ﴿١٧﴾

**18.** И ако ги броите благодатите Аллахови вие, секако, не можете да ги изброите. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

وإن تعدوا نعمة الله لا تحصوها
إن الله لغفور رحيم ﴿١٨﴾

**19.** И Аллах го знае она што го криете и она што го обелоденувате.

والله يعلم ما تسرون وما تعلنون ﴿١٩﴾

**20.** Оние кои се повикуваат на друг бог освен Аллах не можат

والذين يدعون من دون الله لا يخلقون شيئا

да создадат ништо и оние се, токму, создадените!

وَهُمْ يُخْلَقُونَ ﴿٢٠﴾

**21.** Мртви суштества се, не се живи, и не знаат кога ќе бидат оживеани.

أَمْوَٰتٌ غَيْرُ أَحْيَآءٍ ۖ وَمَا يَشْعُرُونَ
أَيَّانَ يُبْعَثُونَ ﴿٢١﴾

**22.** Вашиот Бог е еден Бог. Оние кои не веруваат во Ахирет...па, срцата нивни се расипнички. Оние, всушност, се дујат!

إِلَٰهُكُمْ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌ ۚ فَٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِٱلْءَاخِرَةِ
قُلُوبُهُم مُّنكِرَةٌ وَهُم مُّسْتَكْبِرُونَ ﴿٢٢﴾

**23.** Аллах, без сомнение, го знае она што го кријат и она што го обелоденуваат. Он, навистина, не ги љуби надуените!

لَا جَرَمَ أَنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ مَا يُسِرُّونَ وَمَا يُعْلِنُونَ ۚ
إِنَّهُۥ لَا يُحِبُّ ٱلْمُسْتَكْبِرِينَ ﴿٢٣﴾

**24.** И кога ќе им се рече: “Што ви објави Господарот ваш?” Ќе речат: “Прикаски за народите одамнешни,”

وَإِذَا قِيلَ لَهُم مَّاذَآ أَنزَلَ رَبُّكُمْ ۙ
قَالُوٓا۟ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٢٤﴾

**25.** за да го носат на Денот суден бремето свое целосно и дел од бремето на оние кои без знаење скршнуваа во заблуда. Е, само колку е лошо она што го товарат!

لِيَحْمِلُوٓا۟ أَوْزَارَهُمْ كَامِلَةً يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ ۙ
وَمِنْ أَوْزَارِ ٱلَّذِينَ يُضِلُّونَهُم بِغَيْرِ عِلْمٍ ۗ
أَلَا سَآءَ مَا يَزِرُونَ ﴿٢٥﴾

**26.** И оние пред нив веќе сплеткареа... па, Аллах ги сруши од темел домовите нивни, и покривот нивни врз нив се сруши, и Он им даде казна од кадешто не ја ни усетија.

قَدْ مَكَرَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ فَأَتَى ٱللَّهُ
بُنْيَٰنَهُم مِّنَ ٱلْقَوَاعِدِ فَخَرَّ عَلَيْهِمُ ٱلسَّقْفُ
مِن فَوْقِهِمْ وَأَتَىٰهُمُ ٱلْعَذَابُ مِنْ حَيْثُ
لَا يَشْعُرُونَ ﴿٢٦﴾

**27.** Потоа Он на Денот суден ќе ги срамоти, и ќе рече: “Каде се здружениците Мои за кои вие,

ثُمَّ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ يُخْزِيهِمْ وَيَقُولُ أَيْنَ
شُرَكَآءِىَ ٱلَّذِينَ كُنتُمْ تُشَٰٓقُّونَ فِيهِمْ ۚ

токму, се расправавте?” Оние со даденото им знаење ќе речат: “Срамот и лошото денес, навистина, се врз неверниците,” -

قَالَ ٱلَّذِينَ أُوتُواْ ٱلْعِلْمَ إِنَّ ٱلْخِزْيَ
ٱلْيَوْمَ وَٱلسُّوٓءَ عَلَى ٱلْكَٰفِرِينَ ٢٧

**28.** оние на кои мелеките им ги земаа душите нивни, правејќи си зло самите себеси, и оние кои ќе искажат послушност, ќе речат: “Никакво зло ние не правивме.” Не, Аллах, навистина, го знае она што го работевте!

ٱلَّذِينَ تَتَوَفَّىٰهُمُ ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ ظَالِمِيٓ أَنفُسِهِمْ فَأَلْقَوُاْ
ٱلسَّلَمَ مَا كُنَّا نَعْمَلُ مِن سُوٓءٍۭ بَلَىٰٓ
إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمُۢ بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ٢٨

**29.** Па, влезете низ вратите џехеннемски и во него за навек ќе останете.” Е, само колку лошо престојувалиште е тоа за горделивите!

فَٱدْخُلُوٓاْ أَبْوَٰبَ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَا فَلَبِئْسَ
مَثْوَى ٱلْمُتَكَبِّرِينَ ٢٩

**30.** А на богобојазливите ќе им се рече: “Што објави Господарот ваш?” Ќе речат: “Добро.” А за оние кои работат добро, секако, има добро на овој свет, а доброто во Куќата ахиретска е подобро, навистина! Е, колку благословена Куќа е таа за богобојазливите:

۞ وَقِيلَ لِلَّذِينَ ٱتَّقَوْاْ مَاذَآ أَنزَلَ رَبُّكُمْ قَالُواْ خَيْرًا
لِّلَّذِينَ أَحْسَنُواْ فِي هَٰذِهِ ٱلدُّنْيَا حَسَنَةٌ وَلَدَارُ
ٱلْأٓخِرَةِ خَيْرٌ وَلَنِعْمَ دَارُ ٱلْمُتَّقِينَ ٣٠

**31.** бавчи на Адн во кои ќе влезат и низ кои реки ќе течат. Во нив ќе имаат сè што сакаат. Ете, така Аллах ги наградува богобојазливите!

جَنَّٰتُ عَدْنٍ يَدْخُلُونَهَا تَجْرِي مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ لَهُمْ
فِيهَا مَا يَشَآءُونَ كَذَٰلِكَ يَجْزِي ٱللَّهُ ٱلْمُتَّقِينَ ٣١

**32.** Оние на кои мелеките им ги земаат душите, добрите, и кои ќе возгласат: “Селамун алејкум! Влезете во Џеннетот заради она што го работевте!”

ٱلَّذِينَ تَتَوَفَّىٰهُمُ ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ طَيِّبِينَ يَقُولُونَ سَلَٰمٌ
عَلَيْكُمُ ٱدْخُلُواْ ٱلْجَنَّةَ بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ٣٢

**33.** Што очекуваат, освен да им дојдат мелеки или да им дојде наредбата од Господарот твој. Ете, така правеа оние пред нив. И зулум не Му направија на Аллах, туку себеси зулум си направија,

هَلْ يَنظُرُونَ إِلَّآ أَن تَأْتِيَهُمُ ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ أَوْ يَأْتِيَ
أَمْرُ رَبِّكَ ۚ كَذَٰلِكَ فَعَلَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ
وَمَا ظَلَمَهُمُ ٱللَّهُ وَلَٰكِن كَانُوٓا۟ أَنفُسَهُمْ
يَظْلِمُونَ ﴿٣٣﴾

**34.** па, лошотии ги снајдоа заради она што го работеа и ги обзеде она за што се исмеваа.

فَأَصَابَهُمْ سَيِّـَٔاتُ مَا عَمِلُوا۟ وَحَاقَ بِهِم
مَّا كَانُوا۟ بِهِۦ يَسْتَهْزِءُونَ ﴿٣٤﴾

**35.** И оние кои здруженик Му припишуваа на Аллах, зборуваа: “Кога Аллах би сакал не би обожавале, освен Него, ништо. Ние, а и предците наши, исто така! Ништо не ќе забрануваме без волјата Негова.” Ете, така работеа оние пред нив. Пејгамберот, тогаш, има ли нешто друго освен да извести и тоа јасно?

وَقَالَ ٱلَّذِينَ أَشْرَكُوا۟ لَوْ شَآءَ ٱللَّهُ مَا عَبَدْنَا
مِن دُونِهِۦ مِن شَىْءٍ نَّحْنُ وَلَآ ءَابَآؤُنَا وَلَا حَرَّمْنَا
مِن دُونِهِۦ مِن شَىْءٍ ۚ كَذَٰلِكَ فَعَلَ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۚ
فَهَلْ عَلَى ٱلرُّسُلِ إِلَّا ٱلْبَلَٰغُ ٱلْمُبِينُ ﴿٣٥﴾

**36.** И Ние за секој народ, секако, испративме пејгамбер: “Обожавајте Го Аллаха и избегнувајте ги шејтаните!” Од нив има и такви кои ги упати Аллах, а и такви кои, токму, заслужија да залутаат. Па, патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за лашковците!

وَلَقَدْ بَعَثْنَا فِى كُلِّ أُمَّةٍ رَّسُولًا أَنِ ٱعْبُدُوا۟
ٱللَّهَ وَٱجْتَنِبُوا۟ ٱلطَّٰغُوتَ ۖ فَمِنْهُم مَّنْ هَدَى ٱللَّهُ
وَمِنْهُم مَّنْ حَقَّتْ عَلَيْهِ ٱلضَّلَٰلَةُ ۚ فَسِيرُوا۟
فِى ٱلْأَرْضِ فَٱنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ
ٱلْمُكَذِّبِينَ ﴿٣٦﴾

**37.** А ако, пак, се стремиш да ги упатиш по патоказот, тогаш, Аллах, навистина, не го упатува оној кој скршнал во заблуда.

إِن تَحْرِصْ عَلَىٰ هُدَىٰهُمْ فَإِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى
مَن يُضِلُّ ۖ وَمَا لَهُم مِّن نَّٰصِرِينَ ﴿٣٧﴾

Оние, секако, немаат поддржници!

**38.** И се колнеа во Аллах со заклетви нивни тврди: “Аллах не ќе го оживи оној кој ќе умре.” Да, ветувањето Негово се овистини, но мнозинството на луѓето не знаат,

وَأَقْسَمُوا بِاللَّهِ جَهْدَ أَيْمَانِهِمْ لَا يَبْعَثُ اللَّهُ
مَن يَمُوتُ بَلَى وَعْدًا عَلَيْهِ حَقًّا وَلَكِنَّ
أَكْثَرَ النَّاسِ لَا يَعْلَمُونَ ٣٨

**39.** за да им стане јасно на оние кои се разединија во тоа и за да узнаат оние кои не веруваат дека, навистина, оние се лашковци!

لِيُبَيِّنَ لَهُمُ الَّذِي يَخْتَلِفُونَ فِيهِ وَلِيَعْلَمَ الَّذِينَ
كَفَرُوا أَنَّهُمْ كَانُوا كَاذِبِينَ ٣٩

**40.** Кога Ние би посакале нешто да биде само ќе речеме: “Биди!”- и тоа, токму, ќе биде .

إِنَّمَا قَوْلُنَا لِشَيْءٍ إِذَا أَرَدْنَاهُ أَن نَّقُولَ
لَهُ كُن فَيَكُونُ ٤٠

**41.** И оние кои се иселија заради Аллах, за нив веќе по направениот зулум... на овој свет ќе им дадеме добро. А наградата на Ахирет, секако, е поголема. Е, само кога би знаеле!

وَالَّذِينَ هَاجَرُوا فِي اللَّهِ مِن بَعْدِ مَا ظُلِمُوا لَنُبَوِّئَنَّهُمْ
فِي الدُّنْيَا حَسَنَةً وَلَأَجْرُ الْآخِرَةِ أَكْبَرُ لَوْ كَانُوا
يَعْلَمُونَ ٤١

**42.** Трпеливите и оние кои се потпираат врз Господарот свој.

الَّذِينَ صَبَرُوا وَعَلَى رَبِّهِمْ يَتَوَكَّلُونَ ٤٢

**43.** И пред тебе Ние само луѓе испраќавме на кои им доаѓаше вдахновението Наше. Па, прашај ги Следбениците на Опомената ако не узнавте,

وَمَا أَرْسَلْنَا مِن قَبْلِكَ إِلَّا رِجَالًا نُّوحِي إِلَيْهِمْ
فَاسْأَلُوا أَهْلَ الذِّكْرِ إِن كُنتُمْ لَا تَعْلَمُونَ ٤٣

**44.** за јаснотиите и Книгите. Ние и тебе ти објавивме

بِالْبَيِّنَاتِ وَالزُّبُرِ وَأَنزَلْنَا إِلَيْكَ الذِّكْرَ لِتُبَيِّنَ

لِلنَّاسِ مَا نُزِّلَ إِلَيْهِمْ وَلَعَلَّهُمْ يَتَفَكَّرُونَ ﴿٤٤﴾

Опомена за да им го објасниш на луѓето она што им го објавуваме, и за да размислуваат.

أَفَأَمِنَ الَّذِينَ مَكَرُوا السَّيِّئَاتِ أَن يَخْسِفَ
اللَّهُ بِهِمُ الْأَرْضَ أَوْ يَأْتِيَهُمُ الْعَذَابُ مِنْ حَيْثُ
لَا يَشْعُرُونَ ﴿٤٥﴾

**45.** Нели се сигурни оние кои правеа лошотии, сплетки, дека Аллах нема да ги згмечи во земја или дека нема да им дојде казна од каде што нема ни да усетат,

أَوْ يَأْخُذَهُمْ فِي تَقَلُّبِهِمْ فَمَا هُم بِمُعْجِزِينَ ﴿٤٦﴾

**46.** или казната да не им се случи при лунѕањата нивни при што ќе бидат немоќни?

أَوْ يَأْخُذَهُمْ عَلَىٰ تَخَوُّفٍ فَإِنَّ رَبَّكُمْ لَرَءُوفٌ رَّحِيمٌ ﴿٤٧﴾

**47.** Или да не им се случи при стравот нивни... та, Господарот твој, навистина, е Сочувствителен и Сомилосен!

أَوَلَمْ يَرَوْا إِلَىٰ مَا خَلَقَ اللَّهُ مِن شَيْءٍ يَتَفَيَّأُ ظِلَالُهُ
عَنِ الْيَمِينِ وَالشَّمَائِلِ سُجَّدًا لِّلَّهِ وَهُمْ دَاخِرُونَ ﴿٤٨﴾

**48.** Не гледаат ли дека сѐ она што Аллах го создаде, што ја расфрла неговата сенка лево и десно... му прави сеџде на Аллах? Тоа, токму, е потчинето!

وَلِلَّهِ يَسْجُدُ مَا فِي السَّمَاوَاتِ وَمَا فِي الْأَرْضِ
مِن دَابَّةٍ وَالْمَلَائِكَةُ وَهُمْ لَا يَسْتَكْبِرُونَ ﴿٤٩﴾

**49.** На Аллах му прави сеџде сѐ она што е на небесата и она што е на земјата - сѐ што е живо. А и мелеките кои не се дујат,

يَخَافُونَ رَبَّهُم مِّن فَوْقِهِمْ وَيَفْعَلُونَ مَا يُؤْمَرُونَ ۩ ﴿٥٠﴾

**50.** се плашат од Господарот свој кој е над нив, и го работат она што им е наредено.

۞ وَقَالَ اللَّهُ لَا تَتَّخِذُوا إِلَٰهَيْنِ اثْنَيْنِ ۖ إِنَّمَا هُوَ إِلَٰهٌ

**51.** Аллах вели: “Не прифаќајте два бога. Бог, навистина, е само

еден. Тогаш само од Мене стравувајте, навистина!

وَاحِدٌ فَإِيَّايَ فَارْهَبُونِ ٥١

**52.** И сè што е на небесата и на Земјата е - Негово. Верата само Нему му припаѓа. И зарем од друг, место Аллах, ќе се плашите?

وَلَهُۥ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَلَهُ ٱلدِّينُ وَاصِبًا ۚ
أَفَغَيْرَ ٱللَّهِ تَتَّقُونَ ٥٢

**53.** Секој благодат при вас... е од Аллах. Потоа кога ќе ви се случи несреќа... та, кон Него се повикувате, гласно!

وَمَا بِكُم مِّن نِّعْمَةٍ فَمِنَ ٱللَّهِ ۖ ثُمَّ إِذَا مَسَّكُمُ ٱلضُّرُّ
فَإِلَيْهِ تَجْـَٔرُونَ ٥٣

**54.** Потоа, кога несреќата ќе помине, тогаш, една дружина меѓу вас, на Господарот свој здруженик Му припишува,

ثُمَّ إِذَا كَشَفَ ٱلضُّرَّ عَنكُمْ إِذَا فَرِيقٌ مِّنكُم بِرَبِّهِمْ
يُشْرِكُونَ ٥٤

**55.** за да го покажат неверството свое во она што Ние им го дадовме... та, уживајте а потоа ќе узнаете!

لِيَكْفُرُوا بِمَآ ءَاتَيْنَٰهُمْ ۚ فَتَمَتَّعُوا ۖ فَسَوْفَ تَعْلَمُونَ ٥٥

**56.** И за оние кои не ги знаат определуваат еден дел од ‘рскот што Ние им го дадовме. Се колнам во Аллах дека ќе бидете, секако, прашани за лагите што ги измислувавте.

وَيَجْعَلُونَ لِمَا لَا يَعْلَمُونَ نَصِيبًا مِّمَّا رَزَقْنَٰهُمْ ۗ تَٱللَّهِ
لَتُسْـَٔلُنَّ عَمَّا كُنتُمْ تَفْتَرُونَ ٥٦

**57.** И оние на Аллах ќерки Му означуваат. Нека е возвишен Он! А нивно, меѓутоа, е она што си го посакуваат!

وَيَجْعَلُونَ لِلَّهِ ٱلْبَنَٰتِ سُبْحَٰنَهُۥ ۙ وَلَهُم
مَّا يَشْتَهُونَ ٥٧

**58.** И кога некому од нив ќе му се дојде вест дека добил женско, лицето негово ќе го прекрие сенка црна и се огорчува,

وَإِذَا بُشِّرَ أَحَدُهُم بِٱلْأُنثَىٰ ظَلَّ وَجْهُهُۥ مُسْوَدًّا
وَهُوَ كَظِيمٌ ٥٨

**59.** се крие од луѓето заради лошата вест која му е донесена: дали да го остави во живот па да биде понижен или, пак, дали да го закопа в земја. Е, само колку е лошо просудувањето нивно?

يَتَوَٰرَىٰ مِنَ ٱلۡقَوۡمِ مِن سُوٓءِ مَا بُشِّرَ بِهِۦٓۚ أَيُمۡسِكُهُۥ
عَلَىٰ هُونٍ أَمۡ يَدُسُّهُۥ فِي ٱلتُّرَابِۗ أَلَا سَآءَ
مَا يَحۡكُمُونَ ٥٩

**60.** А врз оние кои не веруваат во Ахирет им припаѓа лош пример, а највисокиот пример Му припаѓа на Аллах. Он е Силен и Мудар!

لِلَّذِينَ لَا يُؤۡمِنُونَ بِٱلۡأٓخِرَةِ مَثَلُ ٱلسَّوۡءِۖ وَلِلَّهِ ٱلۡمَثَلُ
ٱلۡأَعۡلَىٰۚ وَهُوَ ٱلۡعَزِيزُ ٱلۡحَكِيمُ ٦٠

**61.** Кога Аллах би ги казнувал луѓето заради зулумот нивни не би останало ништо живо. Но, Аллах ги остава до едно време определено. Па, кога ќе им дојде крајот не ќе можат да го задоцнат ни за миг а ниту, пак, да го забрзаат.

وَلَوۡ يُؤَاخِذُ ٱللَّهُ ٱلنَّاسَ بِظُلۡمِهِم مَّا تَرَكَ عَلَيۡهَا مِن دَآبَّةٖ
وَلَٰكِن يُؤَخِّرُهُمۡ إِلَىٰٓ أَجَلٖ مُّسَمّٗىۖ فَإِذَا جَآءَ أَجَلُهُمۡ
لَا يَسۡتَـٔۡخِرُونَ سَاعَةٗ وَلَا يَسۡتَقۡدِمُونَ ٦١

**62.** Презираното од нив Му го припишуваат на Аллах, а јазиците нивни лага исфрлаат дека за нив, без сомнение, има оган. И тие кон него ќе претходат, навистина!

وَيَجۡعَلُونَ لِلَّهِ مَا يَكۡرَهُونَۚ وَتَصِفُ
أَلۡسِنَتُهُمُ ٱلۡكَذِبَ أَنَّ لَهُمُ ٱلۡحُسۡنَىٰۚ لَا جَرَمَ
أَنَّ لَهُمُ ٱلنَّارَ وَأَنَّهُم مُّفۡرَطُونَ ٦٢

**63.** Се колнеме во Аллах дека, секако, испративме пејгамбери пред тебе, па Шејтанот постапките нивни ги разубавуваше. Он е заштитникот нивни денес, а за нив има казна болна.

تَٱللَّهِ لَقَدۡ أَرۡسَلۡنَآ إِلَىٰٓ أُمَمٖ مِّن قَبۡلِكَ فَزَيَّنَ
لَهُمُ ٱلشَّيۡطَٰنُ أَعۡمَٰلَهُمۡ فَهُوَ وَلِيُّهُمُ ٱلۡيَوۡمَ وَلَهُمۡ
عَذَابٌ أَلِيمٞ ٦٣

**64.** И Ние Книга ти објавивме само да им го објасниш она во

وَمَآ أَنزَلۡنَا عَلَيۡكَ ٱلۡكِتَٰبَ إِلَّا لِتُبَيِّنَ لَهُمُ

што се разединуваат, и Патоказ, и Милост за луѓето кои веруваат.

ٱلَّذِى ٱخْتَلَفُوا۟ فِيهِ ۙ وَهُدًى وَرَحْمَةً
لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ﴿٦٤﴾

**65.** Аллах од небо спушта вода, па со неа ја оживува земјата по мртвилото нејзино. Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои слушаат.

وَٱللَّهُ أَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَأَحْيَا بِهِ ٱلْأَرْضَ بَعْدَ مَوْتِهَآ ۚ
إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَةً لِّقَوْمٍ يَسْمَعُونَ ﴿٦٥﴾

**66.** И во добитокот вие, навистина, имате ибрет. Ве напојуваме со она што е во стомакот негов, со млеко чисто, меѓу крв и огризина во трбушината, пријатно за оние кои го пијат.

وَإِنَّ لَكُمْ فِى ٱلْأَنْعَٰمِ لَعِبْرَةً ۖ نُّسْقِيكُم مِّمَّا فِى بُطُونِهِۦ
مِنۢ بَيْنِ فَرْثٍ وَدَمٍ لَّبَنًا خَالِصًا سَآئِغًا لِّلشَّٰرِبِينَ ﴿٦٦﴾

**67.** А од плодовите на урмата и лозјето вие земате напивка и храна пријатна. Во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои сфаќаат.

وَمِن ثَمَرَٰتِ ٱلنَّخِيلِ وَٱلْأَعْنَٰبِ تَتَّخِذُونَ
مِنْهُ سَكَرًا وَرِزْقًا حَسَنًا ۗ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَةً
لِّقَوْمٍ يَعْقِلُونَ ﴿٦٧﴾

**68.** И Господарот твој ѝ даде вдахновение на пчелата: “Прави куќа по ридовите, и по стеблата и по она што го прават луѓето;”

وَأَوْحَىٰ رَبُّكَ إِلَى ٱلنَّحْلِ أَنِ ٱتَّخِذِى مِنَ ٱلْجِبَالِ بُيُوتًا
وَمِنَ ٱلشَّجَرِ وَمِمَّا يَعْرِشُونَ ﴿٦٨﴾

**69.** потоа: “Јади од секаков плод, а потоа оди по патиштата на Господарот твој, послушно!” Од внатрешноста нивна излегува напивка со различни бои, во која има лек за луѓето. Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои размислуваат.

ثُمَّ كُلِى مِن كُلِّ ٱلثَّمَرَٰتِ فَٱسْلُكِى سُبُلَ رَبِّكِ ذُلُلًا ۚ
يَخْرُجُ مِنۢ بُطُونِهَا شَرَابٌ مُّخْتَلِفٌ أَلْوَٰنُهُۥ فِيهِ
شِفَآءٌ لِّلنَّاسِ ۗ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَةً لِّقَوْمٍ يَتَفَكَّرُونَ ﴿٦٩﴾

**70.** Аллах ве создаде а потоа ќе ви ги земе душите. Некои од вас ќе доживеат старост длабока, така што не ќе знаат ништо од она што го знаеја. Аллах, навистина, е Зналец и Кадар!

والله خلقكم ثم يتوفىكم ومنكم من يرد إلى أرذل العمر
لكي لا يعلم بعد علم شيئا إن الله عليم قدير ٧٠

**71.** Во ‘рскот Аллах ви даде предност еднинадруги. Но, оние на кои им е дадена предност не им даваат од ‘рскот свој на оние кои се во нивна сопственост. А еднакви се и едните и другите. Е, па благодатот ли Аллахов оние не го признаваат?

والله فضل بعضكم على بعض في الرزق فما الذين
فضلوا برادي رزقهم على ما ملكت أيمنهم
فهم فيه سواء أفبنعمة الله يجحدون ٧١

**72.** Од вас Аллах создаде жени, а од жените ваши синови и внуци, и Он ве снабди со храна добра. Е, па, зошто во невистината веруваат, а благодатот Аллахов не го признаваат?!

والله جعل لكم من أنفسكم أزوجا وجعل لكم
من أزوجكم بنين وحفدة ورزقكم
من الطيبت أفبالبطل يؤمنون وبنعمت الله
هم يكفرون ٧٢

**73.** И обожаваат друг освен Аллах кој не може да им даде никаков ‘рск ни од небесата ни од Земјата, и коишто ништо не можат.

ويعبدون من دون الله ما لا يملك لهم رزقا
من السموت والأرض شيئا
ولا يستطيعون ٧٣

**74.** Па, не донесуваат за Аллах примери. Аллах, навистина, знае а вие не знаете.

فلا تضربوا لله الأمثال إن الله يعلم وأنتم
لا تعلمون ٧٤

**75.** Аллах донесе пример со роб во нечија сопственост кој не е кадар за ништо и оној кому му даваме од Нашиот ‘рск добар, па од него дели и јавно и тајно. Еднакви ли се? Благодарноста

۞ ضرب الله مثلا عبدا مملوكا لا يقدر
على شيء ومن رزقنه منا رزقا حسنا
فهو ينفق منه سرا وجهرا هل يستون
الحمد لله بل أكثرهم لا يعلمون ٧٥

му припаѓа на Аллах! Но, мнозинството од нив не знаат!

76. И Аллах донесе пример за два човека. Еден од нив нем, кој не е кадар ништо да направи, и на товар е на сопственикот негов, и каде било да го насочи, не донесува ништо добро. Еднаков ли е овој со оној кој повикува кон праведноста, а кој е по патот вистински?

وَضَرَبَ ٱللَّهُ مَثَلًا رَّجُلَيْنِ أَحَدُهُمَآ أَبْكَمُ
لَا يَقْدِرُ عَلَىٰ شَىْءٍ وَهُوَ كَلٌّ عَلَىٰ مَوْلَىٰهُ
أَيْنَمَا يُوَجِّههُّ لَا يَأْتِ بِخَيْرٍ هَلْ يَسْتَوِى هُوَ وَمَن
يَأْمُرُ بِٱلْعَدْلِ وَهُوَ عَلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ٧٦

77. Тајната на небесата и на Земјата е - Аллахова! А што се однесува до пропаста на светот? Па, таа е како трепка на окото или, пак, е побрза. Аллах, навистина, е Кадар за сè!

وَلِلَّهِ غَيْبُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَمَآ أَمْرُ ٱلسَّاعَةِ
إِلَّا كَلَمْحِ ٱلْبَصَرِ أَوْ هُوَ أَقْرَبُ إِنَّ ٱللَّهَ
عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ٧٧

78. Аллах ве вади од утробите на мајките ваши, незнаејќи ништо, па ви определи и слух, и вид и срца за да бидете благодарни!

وَٱللَّهُ أَخْرَجَكُم مِّنۢ بُطُونِ أُمَّهَٰتِكُمْ
لَا تَعْلَمُونَ شَيْـًٔا وَجَعَلَ لَكُمُ ٱلسَّمْعَ
وَٱلْأَبْصَٰرَ وَٱلْأَفْـِٔدَةَ لَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ٧٨

79. Не ги гледаат ли птиците потчинети во летот на небо? Кој може да ги допре освен Аллах? Ете, во тоа, навистина, има знамение за луѓето кои веруваат.

أَلَمْ يَرَوْا۟ إِلَى ٱلطَّيْرِ مُسَخَّرَٰتٍ فِى جَوِّ
ٱلسَّمَآءِ مَا يُمْسِكُهُنَّ إِلَّا ٱللَّهُ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ
لَءَايَٰتٍ لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ٧٩

80. Аллах ви одреди во домовите ваши смирна, а од кожите на добитокот покривки, кои лесно ги носите на денот кога патувате и на денот кога се утаборувате, а од волната нивна, од крзното нивно и влакната нивни простирки

وَٱللَّهُ جَعَلَ لَكُم مِّنۢ بُيُوتِكُمْ سَكَنًا وَجَعَلَ
لَكُم مِّن جُلُودِ ٱلْأَنْعَٰمِ بُيُوتًا تَسْتَخِفُّونَهَا يَوْمَ
ظَعْنِكُمْ وَيَوْمَ إِقَامَتِكُمْ وَمِنْ أَصْوَافِهَا
وَأَوْبَارِهَا وَأَشْعَارِهَآ أَثَٰثًا وَمَتَٰعًا إِلَىٰ حِينٍ ٨٠

за уживање до еден рок определен.

**81.** И од она што Аллах го создаде за вас. Он определи сенки, а од брдата за вас определи засолништа. И за вас определи штитови кои ве штитат од горештина, и штитови кои ве штитат од несреќата ваша. Ете, така Аллах го надополнува благодатот Негов кон вас за да бидете послушни!

وَٱللَّهُ جَعَلَ لَكُم مِّمَّا خَلَقَ ظِلَٰلٗا وَجَعَلَ
لَكُم مِّنَ ٱلۡجِبَالِ أَكۡنَٰنٗا وَجَعَلَ لَكُمۡ
سَرَٰبِيلَ تَقِيكُمُ ٱلۡحَرَّ وَسَرَٰبِيلَ تَقِيكُم
بَأۡسَكُمۡۚ كَذَٰلِكَ يُتِمُّ نِعۡمَتَهُۥ عَلَيۡكُمۡ
لَعَلَّكُمۡ تُسۡلِمُونَ ٨١

**82.** Па, ако ги свртат плеќите... та, ти само известуваш јасно:

فَإِن تَوَلَّوۡاْ فَإِنَّمَا عَلَيۡكَ ٱلۡبَلَٰغُ ٱلۡمُبِينُ ٨٢

**83.** го знаат благодатот Аллахов, а потоа не го признаваат. А мнозинството од нив се неверници!

يَعۡرِفُونَ نِعۡمَتَ ٱللَّهِ ثُمَّ يُنكِرُونَهَا
وَأَكۡثَرُهُمُ ٱلۡكَٰفِرُونَ ٨٣

**84.** И Денот во кој од секоја заедница ќе оживиме по еден сведок; потоа, на оние кои не веруваа не ќе им се даде збор, а ниту, пак, да се оправдуваат.

وَيَوۡمَ نَبۡعَثُ مِن كُلِّ أُمَّةٖ شَهِيدٗا ثُمَّ لَا يُؤۡذَنُ
لِلَّذِينَ كَفَرُواْ وَلَا هُمۡ يُسۡتَعۡتَبُونَ ٨٤

**85.** И кога оние кои правеа зулум ќе ја видат казната... та, казната не ќе им се олесни, и не ќе им се даде рок!

وَإِذَا رَءَا ٱلَّذِينَ ظَلَمُواْ ٱلۡعَذَابَ فَلَا يُخَفَّفُ
عَنۡهُمۡ وَلَا هُمۡ يُنظَرُونَ ٨٥

**86.** И кога ќе ги видиш оние кои на Аллах му ги здружуваа божествата нивни, кога ќе речат:"Господаре наш,оние се божест-

وَإِذَا رَءَا ٱلَّذِينَ أَشۡرَكُواْ شُرَكَآءَهُمۡ قَالُواْ
رَبَّنَا هَٰٓؤُلَآءِ شُرَكَآؤُنَا ٱلَّذِينَ كُنَّا نَدۡعُواْ
مِن دُونِكَۖ فَأَلۡقَوۡاْ إِلَيۡهِمُ ٱلۡقَوۡلَ إِنَّكُمۡ

ва наши на кои ние, освен Аллах, се повикувавме.” А божествата нивни ќе им дофрлат: “Вие сте, секако, лашковци!”

لَكَٰذِبُونَ ﴿٨٦﴾

**87.** И оние тогаш на Аллах ќе Му се оддадат. И ќе се оддалечи од нив она што го измислуваа.

وَأَلْقَوْاْ إِلَى ٱللَّهِ يَوْمَئِذٍ ٱلسَّلَمَ وَضَلَّ عَنْهُم
مَّا كَانُواْ يَفْتَرُونَ ﴿٨٧﴾

**88.** На оние кои не веруваа и кои одвраќаа од Аллаховиот пат Ние ќе им ја зголемиме казната со уште една казна затоа што сееја безредие.

ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَصَدُّواْ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ زِدْنَٰهُمْ
عَذَابًا فَوْقَ ٱلْعَذَابِ بِمَا كَانُواْ
يُفْسِدُونَ ﴿٨٨﴾

**89.** И Денот во кој од секоја заедница Ние ќе оживиме по еден сведок меѓу нив кој ќе сведочи против нив! И ќе дадеме, исто така, ти да бидеш сведок против нив. И ти објавивме Книга како Објаснување за сè, и Патоказ, и Милост, и радосница за Полсушните!

وَيَوْمَ نَبْعَثُ فِي كُلِّ أُمَّةٍ شَهِيدًا عَلَيْهِم مِّنْ أَنفُسِهِمْ
وَجِئْنَا بِكَ شَهِيدًا عَلَىٰ هَٰٓؤُلَآءِ وَنَزَّلْنَا عَلَيْكَ
ٱلْكِتَٰبَ تِبْيَٰنًا لِّكُلِّ شَيْءٍ وَهُدًى
وَرَحْمَةً وَبُشْرَىٰ لِلْمُسْلِمِينَ ﴿٨٩﴾

**90.** Аллах, навистина, наредува и праведност, и добродетелство, и да им се дава на ближните, и да се забранува зло, и срамно дело и насилство. Аллах ве советува за да се присетите!

۞ إِنَّ ٱللَّهَ يَأْمُرُ بِٱلْعَدْلِ وَٱلْإِحْسَٰنِ وَإِيتَآئِ
ذِي ٱلْقُرْبَىٰ وَيَنْهَىٰ عَنِ ٱلْفَحْشَآءِ وَٱلْمُنكَرِ
وَٱلْبَغْيِ يَعِظُكُمْ لَعَلَّكُمْ تَذَكَّرُونَ ﴿٩٠﴾

**91.** И придржувај се врз ветувањето кон Аллах кога склучивте договор, и не изневерувајте ги ветувањата кога ги утврдивте и кога Аллаха за заштитник го

وَأَوْفُواْ بِعَهْدِ ٱللَّهِ إِذَا عَٰهَدتُّمْ وَلَا تَنقُضُواْ
ٱلْأَيْمَٰنَ بَعْدَ تَوْكِيدِهَا وَقَدْ جَعَلْتُمُ ٱللَّهَ
عَلَيْكُمْ كَفِيلًا إِنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ مَا تَفْعَلُونَ ﴿٩١﴾

зедовте. Аллах, навистина, го знае она што го работите!

**92.** И не бидете како онаа која ќе го распреде предивото свое, по нејзиното цврсто предиво, земајќи ги ветувањата ваши за измама меѓу вас, само затоа да биде заедница која ќе биде побројна од друга заедница. Аллах во тоа само ве искушува за да ви објасни, секако, на Денот суден за она за што, токму, станавте деленици!

ولا تكونوا كالتي نقضت غزلها من بعد قوة
أنكثا تتخذون أيمنكم دخلا بينكم
أن تكون أمة هي أربى من أمة إنما يبلوكم
الله به وليبينن لكم يوم القيمة ما كنتم فيه
تختلفون ﴿٩٢﴾

**93.** Аллах да сакаше, сигурно, ќе ве направеше една заедница, но Аллах скршнува во заблуда кого сака и упатува кого сака. Да, вие ќе бидете прашани за она што го работевте.

ولو شاء الله لجعلكم أمة وحدة ولكن
يضل من يشاء ويهدي من يشاء ولتسئلن
عما كنتم تعملون ﴿٩٣﴾

**94.** И не служете се со ветувањата ваши за да се лажете еднисодруги, па да слизне ногата од нејзината утврда, и да ја вкусете казната, бидејќи одвраќате од Аллаховиот пат. За вас има казна голема!

ولا تتخذوا أيمنكم دخلا بينكم فتزل
قدم بعد ثبوتها وتذوقوا السوء بما صددتم
عن سبيل الله ولكم عذاب عظيم ﴿٩٤﴾

**95.** И не заменувајте го договорот со Аллах за нешто што малку вреди. Кај Аллах, навистина, е најголемото добро за вас само да знаете!

ولا تشتروا بعهد الله ثمنا قليلا إنما عند الله
هو خير لكم إن كنتم تعلمون ﴿٩٥﴾

**96.** Она што е во вас е - привремено, а она што е кај Аллах е - за навек. Ние ќе ги наградиме

ما عندكم ينفد وما عند الله باق ولنجزين
الذين صبروا أجرهم بأحسن

оние кои беа трпеливи со награда уште поубава од она што го работеа.

مَا كَانُوا يَعْمَلُونَ ﴿٩٦﴾

**97.** Кој ќе направи добро дело, било да е машко или женско, е верник, и Ние ќе му дадеме, сигурно, добар живот, и ќе ги наградиме, сигурно, со награда уште поубава од она што го работеа.

مَنْ عَمِلَ صَالِحًا مِّن ذَكَرٍ أَوْ أُنثَىٰ وَهُوَ مُؤْمِنٌ
فَلَنُحْيِيَنَّهُ حَيَاةً طَيِّبَةً ۖ وَلَنَجْزِيَنَّهُمْ
أَجْرَهُم بِأَحْسَنِ مَا كَانُوا يَعْمَلُونَ ﴿٩٧﴾

**98.** А кога ќе читаш Кур'ан, побарај да се приклониш кон Аллах од Шејтанот проколнат.

فَإِذَا قَرَأْتَ الْقُرْآنَ فَاسْتَعِذْ بِاللَّهِ مِنَ الشَّيْطَانِ
الرَّجِيمِ ﴿٩٨﴾

**99.** Тој, навистина, нема власт врз оние кои веруваат и кои се потпираат врз Господарот свој.

إِنَّهُ لَيْسَ لَهُ سُلْطَانٌ عَلَى الَّذِينَ آمَنُوا
وَعَلَىٰ رَبِّهِمْ يَتَوَكَّلُونَ ﴿٩٩﴾

**100.** Власта негова, секако, е врз оние кои ги вртат плеќите кон Аллах и кои здруженици Му припишуваат.

إِنَّمَا سُلْطَانُهُ عَلَى الَّذِينَ يَتَوَلَّوْنَهُ وَالَّذِينَ
هُم بِهِ مُشْرِكُونَ ﴿١٠٠﴾

**101.** И кога Ние еден ајет ќе замениме со друг... па, Аллах најдобро знае за она што се објавува! Зборуваат: "Ти си, навистина, лашко! "Но, мнозинството меѓу нив не знаат!

وَإِذَا بَدَّلْنَا آيَةً مَّكَانَ آيَةٍ ۙ وَاللَّهُ
أَعْلَمُ بِمَا يُنَزِّلُ قَالُوا إِنَّمَا أَنتَ مُفْتَرٍ ۚ
بَلْ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْلَمُونَ ﴿١٠١﴾

**102.** Кажи: "Го објави Духот свет, од Господарот твој, со вистина за да ги зацврсти оние кои веруваат, како Патоказ и Радосница за Послушните!"

قُلْ نَزَّلَهُ رُوحُ الْقُدُسِ مِن رَّبِّكَ بِالْحَقِّ
لِيُثَبِّتَ الَّذِينَ آمَنُوا وَهُدًى
وَبُشْرَىٰ لِلْمُسْلِمِينَ ﴿١٠٢﴾

**103.** И Ние го знаеме, секако, она што го зборуваат: "Него го

وَلَقَدْ نَعْلَمُ أَنَّهُمْ يَقُولُونَ إِنَّمَا يُعَلِّمُهُ بَشَرٌ

поучува некој човек." Јазикот на кој оние го свртуваат е странски, а ова е јасен арапски јазик.

لِّسَانُ ٱلَّذِى يُلْحِدُونَ إِلَيْهِ أَعْجَمِىٌّ
وَهَٰذَا لِسَانٌ عَرَبِىٌّ مُّبِينٌ ١٠٣

**104.** Оние кои не веруваат во знаменијата Аллахови, Аллах, навистина, не ќе ги упати. И за нив има казна болна!

إِنَّ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ لَا يَهْدِيهِمُ
ٱللَّهُ وَلَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ١٠٤

**105.** Лага измислуваат оние кои, навистина, не веруваат во знаменијата Аллахови. Оние се, токму, лашковци!

إِنَّمَا يَفْتَرِى ٱلْكَذِبَ ٱلَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِـَٔايَٰتِ
ٱللَّهِ وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْكَٰذِبُونَ ١٠٥

**106.** Оној кој не верува во Аллах по неговото верување, освен ако е присилен, а срцето му е смирено со верување, ќе ја предизвика лутината Аллахова. А за оние кои, исто така, ќе ги исполнат градите со неверство има казна голема.

مَن كَفَرَ بِٱللَّهِ مِنۢ بَعْدِ إِيمَٰنِهِۦٓ إِلَّا مَنْ
أُكْرِهَ وَقَلْبُهُۥ مُطْمَئِنٌّۢ بِٱلْإِيمَٰنِ وَلَٰكِن
مَّن شَرَحَ بِٱلْكُفْرِ صَدْرًا فَعَلَيْهِمْ غَضَبٌ
مِّنَ ٱللَّهِ وَلَهُمْ عَذَابٌ عَظِيمٌ ١٠٦

**107.** Ете, тоа е, секако, заради што го посакуваат животот на овој свет повеќе од Ахирет. И Аллах, навистина, не ќе го упати народот невернички.

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمُ ٱسْتَحَبُّوا۟ ٱلْحَيَوٰةَ ٱلدُّنْيَا
عَلَى ٱلْـَٔاخِرَةِ وَأَنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ
ٱلْكَٰفِرِينَ ١٠٧

**108.** Тоа се оние чии срца, и чиј слух и чиј вид Аллах ги запечати. Овие, токму, се занемарени!

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ طَبَعَ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ
وَسَمْعِهِمْ وَأَبْصَٰرِهِمْ ۖ وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ
ٱلْغَٰفِلُونَ ١٠٨

**109.** На Ахирет, без сомнение, ќе бидат поразените!

لَا جَرَمَ أَنَّهُمْ فِى ٱلْـَٔاخِرَةِ هُمُ
ٱلْخَٰسِرُونَ ١٠٩

**110.** На оние кои се иселија, по мачењето, а потоа се бореа и беа трпеливи... та, Господарот

ثُمَّ إِنَّ رَبَّكَ لِلَّذِينَ هَاجَرُوا۟ مِنۢ بَعْدِ
مَا فُتِنُوا۟ ثُمَّ جَٰهَدُوا۟ وَصَبَرُوٓا۟ إِنَّ

твој, навистина, е Простувач и Сомилосен!

رَبَّكَ مِنۢ بَعۡدِهَا لَغَفُورٞ رَّحِيمٞ ١١٠

**111.** Ќе настапи Денот во кој секоја душа ќе се грижи за себе...И секоја душа ќе си го исполни она што го направила. И ним не ќе им се направи зулум.

يَوۡمَ تَأۡتِي كُلُّ نَفۡسٖ تُجَٰدِلُ عَن نَّفۡسِهَا
وَتُوَفَّىٰ كُلُّ نَفۡسٖ مَّا عَمِلَتۡ وَهُمۡ
لَا يُظۡلَمُونَ ١١١

**112.** Аллах изнесе пример за градот, безбеден и мирен. Од секоја страна му доаѓаше ‘рск во изобилство. И, ете, жителите не ги признаваа благодатите Аллахови, па Аллах определи да вкуси и глад и страв, токму, заради она што го работеа,

وَضَرَبَ ٱللَّهُ مَثَلٗا قَرۡيَةٗ كَانَتۡ ءَامِنَةٗ
مُّطۡمَئِنَّةٗ يَأۡتِيهَا رِزۡقُهَا رَغَدٗا مِّن كُلِّ مَكَانٖ
فَكَفَرَتۡ بِأَنۡعُمِ ٱللَّهِ فَأَذَٰقَهَا ٱللَّهُ لِبَاسَ
ٱلۡجُوعِ وَٱلۡخَوۡفِ بِمَا كَانُواْ
يَصۡنَعُونَ ١١٢

**113.** и им дојде пејгамбер, еден од нив, па го сметаа за лашко ... та, ги обзеде казна. Оние, токму, се зулумќари!

وَلَقَدۡ جَآءَهُمۡ رَسُولٞ مِّنۡهُمۡ فَكَذَّبُوهُ فَأَخَذَهُمُ
ٱلۡعَذَابُ وَهُمۡ ظَٰلِمُونَ ١١٣

**114.** Па, јадете од ‘рскот што ви го даде Аллах, она што е халал и добро. И ако само Аллаха го обожавате, заблагодарувајте се на Аллаховите благодати!

فَكُلُواْ مِمَّا رَزَقَكُمُ ٱللَّهُ حَلَٰلٗا طَيِّبٗا
وَٱشۡكُرُواْ نِعۡمَتَ ٱللَّهِ إِن كُنتُمۡ إِيَّاهُ
تَعۡبُدُونَ ١١٤

**115.** Он, навистина, ви забрани и мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго а не во името Аллахово, освен ако е некој присилен, несакајќи, само колку да преживее... Та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

إِنَّمَا حَرَّمَ عَلَيۡكُمُ ٱلۡمَيۡتَةَ وَٱلدَّمَ وَلَحۡمَ
ٱلۡخِنزِيرِ وَمَآ أُهِلَّ لِغَيۡرِ ٱللَّهِ بِهِۦۖ فَمَنِ ٱضۡطُرَّ
غَيۡرَ بَاغٖ وَلَا عَادٖ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٞ ١١٥

**116.** И не зборувајте го она што е, инаку, својствено на јазиците

وَلَا تَقُولُواْ لِمَا تَصِفُ أَلۡسِنَتُكُمُ ٱلۡكَذِبَ

ваши и лага: “Ова е халал, а ова е харам!” За да измислувате за Аллах лага. Оние кои, навистина, за Аллах измислуваат лага не ќе успеат!

هَٰذَا حَلَٰلٌ وَهَٰذَا حَرَامٌ لِّتَفْتَرُوا۟ عَلَى ٱللَّهِ ٱلْكَذِبَ
إِنَّ ٱلَّذِينَ يَفْتَرُونَ عَلَى ٱللَّهِ ٱلْكَذِبَ لَا يُفْلِحُونَ ﴿١١٦﴾

**117.** Само малку уживање; за нив има казна болна!

مَتَٰعٌ قَلِيلٌ وَلَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿١١٧﴾

**118.** На Евреите им го забранивме она што ти го кажувавме порано. И зулум не им направивме, туку самите зулум си направија!

وَعَلَى ٱلَّذِينَ هَادُوا۟ حَرَّمْنَا مَا قَصَصْنَا عَلَيْكَ مِن قَبْلُ
وَمَا ظَلَمْنَٰهُمْ وَلَٰكِن كَانُوٓا۟ أَنفُسَهُمْ يَظْلِمُونَ ﴿١١٨﴾

**119.** За оние кои направија зло, незнаејќи, Господарот твој, навистина, потоа им прости. И се поправија. Потоа Господарот твој, навистина, беше Простувач и Сомилосен кон нив!

ثُمَّ إِنَّ رَبَّكَ لِلَّذِينَ عَمِلُوا۟ ٱلسُّوٓءَ بِجَهَٰلَةٍ
ثُمَّ تَابُوا۟ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ وَأَصْلَحُوٓا۟ إِنَّ رَبَّكَ
مِنۢ بَعْدِهَا لَغَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿١١٩﴾

**120.** Ибрахим, навистина, беше како еден човек, понизен на Аллах и чист. Не беше меѓу многубошците,

إِنَّ إِبْرَٰهِيمَ كَانَ أُمَّةً قَانِتًا لِّلَّهِ حَنِيفًا وَلَمْ يَكُ
مِنَ ٱلْمُشْرِكِينَ ﴿١٢٠﴾

**121.** заблагодарен на благодатите Аллахови; и Он го избра и го упати по патот вистински.

شَاكِرًا لِّأَنْعُمِهِ ٱجْتَبَىٰهُ وَهَدَىٰهُ إِلَىٰ صِرَٰطٍ
مُّسْتَقِيمٍ ﴿١٢١﴾

**122.** На овој свет Ние му дадовме добро, а на Ахирет ќе биде, навистина, меѓу добрите!

وَءَاتَيْنَٰهُ فِى ٱلدُّنْيَا حَسَنَةً وَإِنَّهُۥ فِى ٱلْءَاخِرَةِ
لَمِنَ ٱلصَّٰلِحِينَ ﴿١٢٢﴾

**123.** Потоа Ние ти објавивме: “Следи ја чистата вера Ибрахи-

ثُمَّ أَوْحَيْنَآ إِلَيْكَ أَنِ ٱتَّبِعْ مِلَّةَ إِبْرَٰهِيمَ حَنِيفًا

мова. Он не беше меѓу многубожците.”

وَمَا كَانَ مِنَ الْمُشْرِكِينَ ﴿١٢٣﴾

**124**. Сабота е определена за празнување за оние кои се разединуваа за неа, навистина! Господарот твој ќе им пресуди, секако, за Денот суден за она за што станаа деленици!

إِنَّمَا جُعِلَ السَّبْتُ عَلَى الَّذِينَ اخْتَلَفُوا فِيهِ ۚ وَإِنَّ رَبَّكَ لَيَحْكُمُ بَيْنَهُمْ يَوْمَ الْقِيَامَةِ فِيمَا كَانُوا فِيهِ يَخْتَلِفُونَ ﴿١٢٤﴾

**125.** Повикувај кон патот од Господарот твој, и со мудрост и со ука добра. И расправај со нив на најдобар начин! Господарот твој, секако, најдобро го познава оној кој скршнал од патот Негов. Он најдобро ги знае упатените!

ادْعُ إِلَىٰ سَبِيلِ رَبِّكَ بِالْحِكْمَةِ وَالْمَوْعِظَةِ الْحَسَنَةِ ۖ وَجَادِلْهُم بِالَّتِي هِيَ أَحْسَنُ ۚ إِنَّ رَبَّكَ هُوَ أَعْلَمُ بِمَن ضَلَّ عَن سَبِيلِهِ ۖ وَهُوَ أَعْلَمُ بِالْمُهْتَدِينَ ﴿١٢٥﴾

**126.** А ако сакате да им се одмаздите - па, одмаздете се онолку колку ви е направено зло. А ако се стрпите тоа, секако, е најдобро за трпливите!

وَإِنْ عَاقَبْتُمْ فَعَاقِبُوا بِمِثْلِ مَا عُوقِبْتُم بِهِ ۖ وَلَئِن صَبَرْتُمْ لَهُوَ خَيْرٌ لِّلصَّابِرِينَ ﴿١٢٦﴾

**127.** Биди трпелив! Трпеливоста е само покрај Аллах. И не жалости се за нив. И нека не те обзеде тескоградие заради она што го сплеткарат!

وَاصْبِرْ وَمَا صَبْرُكَ إِلَّا بِاللَّهِ ۚ وَلَا تَحْزَنْ عَلَيْهِمْ وَلَا تَكُ فِي ضَيْقٍ مِّمَّا يَمْكُرُونَ ﴿١٢٧﴾

**128.** Аллах, навистина, е со оние кои се богобојазливи и со оние кои се доброчинители!

إِنَّ اللَّهَ مَعَ الَّذِينَ اتَّقَوا وَّالَّذِينَ هُم مُّحْسِنُونَ ﴿١٢٨﴾

## *ЕЛ-ИСРА* (Патување ноќе) XVII

## سُورَةُ الإِسْرَاءِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

**1.** Славен нека биде Оној кој робот Свој ноќе го пренесе од

سُبْحَانَ الَّذِي أَسْرَىٰ بِعَبْدِهِ لَيْلًا مِّنَ الْمَسْجِدِ

Месџидул Харам до Месџидул Акса, чија околина Ние ја благословивме за да му покажеме некои од знаменијата Наши. Он, навистина, е Слушач и Гледач!

ٱلْحَرَامِ إِلَى ٱلْمَسْجِدِ ٱلْأَقْصَا ٱلَّذِى بَٰرَكْنَا حَوْلَهُۥ
لِنُرِيَهُۥ مِنْ ءَايَٰتِنَآ ۚ إِنَّهُۥ هُوَ ٱلسَّمِيعُ ٱلْبَصِيرُ ١

**2.** И на Муса Ние Книга му дадовме и ја определивме да биде Патоказ за синовите Израилови: “Не земајте, освен Мене, друг закрилник!”

وَءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَٰبَ وَجَعَلْنَٰهُ
هُدًى لِّبَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ أَلَّا تَتَّخِذُوا۟
مِن دُونِى وَكِيلًا ٢

**3.** Потомци од оние кои ги товаривме со Нух. Он, навистина, беше роб благодарен!

ذُرِّيَّةَ مَنْ حَمَلْنَا مَعَ نُوحٍ ۚ إِنَّهُۥ كَانَ
عَبْدًا شَكُورًا ٣

**4.** И во Книгата Ние на Синовите Израилови им определивме: “Вие ќе предизвикате на земјата безредие во два наврата, сигурно! И прекумера, нависоко ќе гледате!”

وَقَضَيْنَآ إِلَىٰ بَنِىٓ إِسْرَٰٓءِيلَ فِى ٱلْكِتَٰبِ لَتُفْسِدُنَّ
فِى ٱلْأَرْضِ مَرَّتَيْنِ وَلَتَعْلُنَّ عُلُوًّا كَبِيرًا ٤

**5.** Па, кога дојде ветувањето, она првото, против вас, Ние испративме робови Наши, силни и јаки, кои ги прегазија домовите. И ветувањето беше остварено.

فَإِذَا جَآءَ وَعْدُ أُولَىٰهُمَا بَعَثْنَا عَلَيْكُمْ عِبَادًا لَّنَآ أُو۟لِى
بَأْسٍ شَدِيدٍ فَجَاسُوا۟ خِلَٰلَ ٱلدِّيَارِ ۚ
وَكَانَ وَعْدًا مَّفْعُولًا ٥

**6.** Потоа Ние ви ја вративме силата против нив и ве поддржавме и со имотот и со синовите и броено ве зголемивме.

ثُمَّ رَدَدْنَا لَكُمُ ٱلْكَرَّةَ عَلَيْهِمْ وَأَمْدَدْنَٰكُم
بِأَمْوَٰلٍ وَبَنِينَ وَجَعَلْنَٰكُمْ أَكْثَرَ نَفِيرًا ٦

**7.** Ако направите добро, правите добро за себеси, а ако,

إِنْ أَحْسَنتُمْ أَحْسَنتُمْ لِأَنفُسِكُمْ ۖ وَإِنْ أَسَأْتُمْ فَلَهَا

пак, направите зло, правите за себеси. А кога дојде ветувањето друго Ние ги испративме за да се ужалат лицата ваши, и за да влезат во Храмот како што влегоа првпат, и целосно да го уништат она што ќе го заземат.

فَإِذَا جَاءَ وَعْدُ الْآخِرَةِ لِيَسُوءُوا وُجُوهَكُمْ
وَلِيَدْخُلُوا الْمَسْجِدَ كَمَا دَخَلُوهُ أَوَّلَ مَرَّةٍ
وَلِيُتَبِّرُوا مَا عَلَوْا تَتْبِيرًا ﴿٧﴾

**8.** Господарот ваш, можеби, ќе ви прости. Ако вие почнувате и Ние почнуваме. Џехеннемскиот затвор Ние го определивме за неверниците!

عَسَىٰ رَبُّكُمْ أَن يَرْحَمَكُمْ وَإِنْ عُدتُّمْ عُدْنَا وَجَعَلْنَا جَهَنَّمَ
لِلْكَافِرِينَ حَصِيرًا ﴿٨﴾

**9.** Овој Кур'ан, навистина, упатува кон она што е најисправно, и на верниците кои работат добри дела им донесува радосница дека за нив, секако, има награда голема.

إِنَّ هَٰذَا الْقُرْآنَ يَهْدِي لِلَّتِي هِيَ أَقْوَمُ وَيُبَشِّرُ
الْمُؤْمِنِينَ الَّذِينَ يَعْمَلُونَ الصَّالِحَاتِ
أَنَّ لَهُمْ أَجْرًا كَبِيرًا ﴿٩﴾

**10.** А за оние кои не веруваат... на Ахирет, навистина, Ние ќе им подготвивме казна болна.

وَأَنَّ الَّذِينَ لَا يُؤْمِنُونَ بِالْآخِرَةِ أَعْتَدْنَا لَهُمْ
عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٠﴾

**11.** И човекот повикува кон зло како што повикува и кон добро. Човекот е претерано брз!

وَيَدْعُ الْإِنسَانُ بِالشَّرِّ دُعَاءَهُ بِالْخَيْرِ وَكَانَ
الْإِنسَانُ عَجُولًا ﴿١١﴾

**12.** И денот и ноќта Ние ги направивме две знаменија. Па, знамението ноќ го избришавме, и знамението ден го направивме очигледно за да барате добрина од Господарот ваш, и за да го знаете бројот на годините и сметањето. Па, секоја работа Ние потенко ја објаснивме!

وَجَعَلْنَا اللَّيْلَ وَالنَّهَارَ آيَتَيْنِ فَمَحَوْنَا آيَةَ اللَّيْلِ
وَجَعَلْنَا آيَةَ النَّهَارِ مُبْصِرَةً لِّتَبْتَغُوا فَضْلًا
مِّن رَّبِّكُمْ وَلِتَعْلَمُوا عَدَدَ السِّنِينَ وَالْحِسَابَ
وَكُلَّ شَيْءٍ فَصَّلْنَاهُ تَفْصِيلًا ﴿١٢﴾

**13.** И за вратот на секој човек Ние ќе му го обесеме делото

وَكُلَّ إِنسَانٍ أَلْزَمْنَاهُ طَائِرَهُ فِي عُنُقِهِ وَنُخْرِجُ لَهُ

негово, и на Денот суден, Книгата со која ќе се сретне, ќе му ја извадиме отворена:

يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ كِتَٰبًا يَلْقَىٰهُ مَنشُورًا ﴿١٣﴾

**14.** "Читај ја Книгата твоја; за тебе денес е доволно тоа што ќе полагаш сметка."

ٱقْرَأْ كِتَٰبَكَ كَفَىٰ بِنَفْسِكَ ٱلْيَوْمَ عَلَيْكَ حَسِيبًا ﴿١٤﴾

**15.** Оној кој оди по патот вистински, оди по него, навистина, за себеси, а оној кој скршнува во заблуда, скршнува во заблуда, навистина, против себеси. И никако не ќе го носите бремето на другиот. И Ние не казнивме ниеден народ додека не му испративме пејгамбер.

مَّنِ ٱهْتَدَىٰ فَإِنَّمَا يَهْتَدِى لِنَفْسِهِۦ ۖ وَمَن ضَلَّ
فَإِنَّمَا يَضِلُّ عَلَيْهَا ۚ وَلَا تَزِرُ وَازِرَةٌ وِزْرَ أُخْرَىٰ ۗ
وَمَا كُنَّا مُعَذِّبِينَ حَتَّىٰ نَبْعَثَ رَسُولًا ﴿١٥﴾

**16.** И Ние кога сакаме го уништуваме еден град, и ги оставаме раскошниците негови во разврат па се овистинува зборот против нив и тогаш до темел го рушиме тој град.

وَإِذَآ أَرَدْنَآ أَن نُّهْلِكَ قَرْيَةً أَمَرْنَا مُتْرَفِيهَا فَفَسَقُوا۟ فِيهَا
فَحَقَّ عَلَيْهَا ٱلْقَوْلُ فَدَمَّرْنَٰهَا تَدْمِيرًا ﴿١٦﴾

**17.** И колку поколенија по Нух Ние уништивме! Доволно е што Господарот твој ги гледа, и што е Гледач и Известен за гревовите на робовите Свои.

وَكَمْ أَهْلَكْنَا مِنَ ٱلْقُرُونِ مِنۢ بَعْدِ نُوحٍ ۗ وَكَفَىٰ بِرَبِّكَ
بِذُنُوبِ عِبَادِهِۦ خَبِيرًۢا بَصِيرًا ﴿١٧﴾

**18.** На оној кој го посакува овој свет Ние му го даваме она што го сакаме, и на оној кому сакаме, потоа, ќе му одредиме Џехеннем во кој ќе биде пржен, потценет и напуштен!

مَّن كَانَ يُرِيدُ ٱلْعَاجِلَةَ عَجَّلْنَا لَهُۥ فِيهَا مَا نَشَآءُ
لِمَن نُّرِيدُ ثُمَّ جَعَلْنَا لَهُۥ جَهَنَّمَ يَصْلَىٰهَا مَذْمُومًا
مَّدْحُورًا ﴿١٨﴾

**19.** А на оној кој го посакува Ахирет и кој тежнее кон него,

وَمَنْ أَرَادَ ٱلْءَاخِرَةَ وَسَعَىٰ لَهَا سَعْيَهَا وَهُوَ مُؤْمِنٌ

кој е верник... е, па, на онаквите тежнеењето нивно е благодарно!

فَأُولَٰئِكَ كَانَ سَعْيُهُم مَّشْكُورًا ١٩

**20.** Ние им даваме на сите, било на овие било на оние, од подароците на Господарот твој. А подарокот на Господарот твој не е невреден!

كُلًّا نُّمِدُّ هَٰؤُلَاءِ وَهَٰؤُلَاءِ مِنْ عَطَاءِ رَبِّكَ
وَمَا كَانَ عَطَاءُ رَبِّكَ مَحْظُورًا ٢٠

**21.** Погледни како Ние им даваме предност еднинадруги. А на Ахирет, секако, се најголемите степени и најголемите предности!

انظُرْ كَيْفَ فَضَّلْنَا بَعْضَهُمْ عَلَىٰ بَعْضٍ وَلَلْآخِرَةُ
أَكْبَرُ دَرَجَاتٍ وَأَكْبَرُ تَفْضِيلًا ٢١

**22.** И покрај Аллах друг бог не означувајте. Ќе останете, тогаш, осудени и отфрлени.

لَّا تَجْعَلْ مَعَ اللَّهِ إِلَٰهًا آخَرَ فَتَقْعُدَ مَذْمُومًا
مَّخْذُولًا ٢٢

**23.** И Господарот твој определи: “Само Него да го обожавате, а на родителите добро да им правите. Ако еден од нив или двајцата кај тебе доживеат старост, не кажувај им ни ‘уф’ Не обраќај им се со висок глас и зборувај им зборови благородни!”

۞ وَقَضَىٰ رَبُّكَ أَلَّا تَعْبُدُوا إِلَّا إِيَّاهُ وَبِالْوَالِدَيْنِ
إِحْسَانًا إِمَّا يَبْلُغَنَّ عِندَكَ الْكِبَرَ أَحَدُهُمَا
أَوْ كِلَاهُمَا فَلَا تَقُل لَّهُمَا أُفٍّ وَلَا تَنْهَرْهُمَا
وَقُل لَّهُمَا قَوْلًا كَرِيمًا ٢٣

**24.** И пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста и милоста, и речи: “Господаре мој, смилуј им се онака како што тие ми се смилуваа кога бев малечок!”

وَاخْفِضْ لَهُمَا جَنَاحَ الذُّلِّ مِنَ الرَّحْمَةِ
وَقُل رَّبِّ ارْحَمْهُمَا كَمَا رَبَّيَانِي صَغِيرًا ٢٤

**25.**Господарот ваш најдобро го знае она што е во душите ваши: ако бидете доброчинители... та,

رَّبُّكُمْ أَعْلَمُ بِمَا فِي نُفُوسِكُمْ إِن تَكُونُوا صَالِحِينَ
فَإِنَّهُ كَانَ لِلْأَوَّابِينَ غَفُورًا ٢٥

Он, кон оние кои се кајат, навистина, е Простувач!

**26.** И дај му го на ближиниот правото негово, и на сиромашниот, и на патникот и не троши безмерно!

وَءَاتِ ذَا ٱلْقُرْبَىٰ حَقَّهُۥ وَٱلْمِسْكِينَ وَٱبْنَ ٱلسَّبِيلِ
وَلَا تُبَذِّرْ تَبْذِيرًا ﴿٢٦﴾

**27.** Расипниците, навистина, се браќа на Шејтанот, а Шејтанот Господарот негов, навистина, не Го признава.

إِنَّ ٱلْمُبَذِّرِينَ كَانُوٓا۟ إِخْوَٰنَ ٱلشَّيَـٰطِينِ ۖ
وَكَانَ ٱلشَّيْطَـٰنُ لِرَبِّهِۦ كَفُورًا ﴿٢٧﴾

**28.** И ако се свртиш од нив, барајќи ја милоста на Господарот твој за која, токму, се надеваш, тогаш, проговори им учтиво!

وَإِمَّا تُعْرِضَنَّ عَنْهُمُ ٱبْتِغَآءَ رَحْمَةٍ مِّن رَّبِّكَ تَرْجُوهَا
فَقُل لَّهُمْ قَوْلًا مَّيْسُورًا ﴿٢٨﴾

**29.** И не држи ја раката твоја обесена за вратот а ниту раширена толку долго за да не останеш, тогаш, презрен и очаен.

وَلَا تَجْعَلْ يَدَكَ مَغْلُولَةً إِلَىٰ عُنُقِكَ وَلَا تَبْسُطْهَا
كُلَّ ٱلْبَسْطِ فَتَقْعُدَ مَلُومًا مَّحْسُورًا ﴿٢٩﴾

**30.** Господарот твој, секако, дава ‘рск кому сака, и Он му одредува мера. Он е Известен за робовите Свои и Гледач е!

إِنَّ رَبَّكَ يَبْسُطُ ٱلرِّزْقَ لِمَن يَشَآءُ وَيَقْدِرُ ۚ
إِنَّهُۥ كَانَ بِعِبَادِهِۦ خَبِيرًۢا بَصِيرًا ﴿٣٠﴾

**31.** И не убивајте ги децата ваши, плашејќи се од сиромаштија. Ние и нив и вас ве храниме. Убивањето нивно, навистина, е грев голем!

وَلَا تَقْتُلُوٓا۟ أَوْلَـٰدَكُمْ خَشْيَةَ إِمْلَـٰقٍ ۖ نَّحْنُ نَرْزُقُهُمْ
وَإِيَّاكُمْ ۚ إِنَّ قَتْلَهُمْ كَانَ خِطْـًٔا كَبِيرًا ﴿٣١﴾

**32.** И не приближувајте се кон блуд. Тоа, навистина, е разврат и пат лош!

وَلَا تَقْرَبُوا۟ ٱلزِّنَىٰٓ ۖ إِنَّهُۥ كَانَ فَـٰحِشَةً وَسَآءَ
سَبِيلًا ﴿٣٢﴾

**33.** И не убивајте никого за кого Аллах забрани, бесправно!

وَلَا تَقْتُلُوا۟ ٱلنَّفْسَ ٱلَّتِى حَرَّمَ ٱللَّهُ إِلَّا بِٱلْحَقِّ ۗ

А во однос на оној кој е убиен, ни крив ни должен, на заштитникот негов му дадовме власт, но нека не претерува во убивањето. Тој, секако, е потпомогнат!

ومن قتل مظلوما فقد جعلنا لوليه سلطنا
فلا يسرف في القتل إنه كان منصورا ٣٣

34. И не приближувајте се кон имотот на јетимот! И додека не стане полнолетен, однесувајте се кон него на најдобар начин. Исполнувајте го договорот! За договорот, навистина, има одговорност!

ولا تقربوا مال اليتيم إلا بالتي هي أحسن حتى يبلغ
أشده وأوفوا بالعهد إن العهد كان
مسئولا ٣٤

35. И кога мерите, мерете како што треба, мерејќи на кантарите праведно. Ете, тоа е најдобар и најубав исход!

وأوفوا الكيل إذا كلتم وزنوا بالقسطاس المستقيم
ذلك خير وأحسن تأويلا ٣٥

36. И не следи го она што не го знаеш. И слухот, и видот, и срцето ќе бидат одговорни, навистина!

ولا تقف ما ليس لك به علم إن السمع والبصر
والفؤاد كل أولئك كان عنه مسئولا ٣٦

37. И не оди по земјата гордеејќи! Ти, навистина, земјата не ќе ја пробиеш, и не ќе ги надвишиш брдата!

ولا تمش في الأرض مرحا إنك لن تخرق الأرض
ولن تبلغ الجبال طولا ٣٧

38. Сè ова е лошо, кај Господарот твој, непожелно.

كل ذلك كان سيئه عند ربك مكروها ٣٨

39. Ете ти од мудроста што ти ја објави Господарот твој. И не придружувај Му на Аллах друг бог, зашто ќе бидеш фрлен во Џехеннемот, понижен и отфрлен!

ذلك مما أوحى إليك ربك من الحكمة ولا تجعل
مع الله إلها اخر فتلقى في جهنم ملوما مدحورا ٣٩

40. Ви подари ли Господарот ваш синови, а за Себе ги зема

أفأصفىكم ربكم بالبنين واتخذ من الملئكة

мелеките како ќерки? Вие зборувате, секако, зборови големи!

إِنَّكُمْ لَتَقُولُونَ قَوْلًا عَظِيمًا ﴿٤٠﴾

**41.** Во овој Кур’ан, секако, Ние поставивме ред за да се присетат, и тоа само им го зголемува оддалечувањето.

وَلَقَدْ صَرَّفْنَا فِي هَٰذَا الْقُرْءَانِ لِيَذَّكَّرُوا وَمَا يَزِيدُهُمْ
إِلَّا نُفُورًا ﴿٤١﴾

**42.** Кажи:“Кога би имало покрај Него богови како што зборуваат, тогаш, би побарале пат до Аршот!”

قُل لَّوْ كَانَ مَعَهُ ءَالِهَةٌ كَمَا يَقُولُونَ
إِذًا لَّابْتَغَوْا إِلَىٰ ذِي الْعَرْشِ سَبِيلًا ﴿٤٢﴾

**43.** Славен е Он и Возвишен, над она што го зборуваат, со висина голема!

سُبْحَانَهُ وَتَعَالَىٰ عَمَّا يَقُولُونَ عُلُوًّا كَبِيرًا ﴿٤٣﴾

**44.** Него го слават и седумте небеса и Земјата, и она што е меѓу нив. И нема ништо што, со благодарност своја, не Го слави, но вие не го разбирате славењето нивно! Он, навистина, е Благ и Простувач!

تُسَبِّحُ لَهُ السَّمَٰوَٰتُ السَّبْعُ وَالْأَرْضُ وَمَن فِيهِنَّ
وَإِن مِّن شَيْءٍ إِلَّا يُسَبِّحُ بِحَمْدِهِ وَلَٰكِن لَّا تَفْقَهُونَ
تَسْبِيحَهُمْ إِنَّهُ كَانَ حَلِيمًا غَفُورًا ﴿٤٤﴾

**45.** И кога го читаш Кур’анот меѓу тебе и оние кои не веруваат во Ахирет Ние поставивме завеса невидлива.

وَإِذَا قَرَأْتَ الْقُرْءَانَ جَعَلْنَا بَيْنَكَ وَبَيْنَ الَّذِينَ
لَا يُؤْمِنُونَ بِالْءَاخِرَةِ حِجَابًا مَّسْتُورًا ﴿٤٥﴾

**46.** И врз срцата нивни Ние ставивме прекривачи за да не го разберат, а во ушите нивни тежина. И кога ќе го спомениш Господарот твој во Кур’анот, Единствениот, оние ги вртат плеќите со одбојност.

وَجَعَلْنَا عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ أَكِنَّةً أَن يَفْقَهُوهُ وَفِي ءَاذَانِهِمْ
وَقْرًا وَإِذَا ذَكَرْتَ رَبَّكَ فِي الْقُرْءَانِ وَحْدَهُ وَلَّوْا
عَلَىٰ أَدْبَٰرِهِمْ نُفُورًا ﴿٤٦﴾

**47.** И Ние најдобро го знаеме она што оние го слушаат, токму, кога те прислушкуваат, и кога шепотат, и кога зулумќарите зборуваат: “Да, вие следите само еден човек волшебник!”

نَّحْنُ أَعْلَمُ بِمَا يَسْتَمِعُونَ بِهِۦٓ إِذْ يَسْتَمِعُونَ إِلَيْكَ
وَإِذْ هُمْ نَجْوَىٰٓ إِذْ يَقُولُ ٱلظَّـٰلِمُونَ إِن تَتَّبِعُونَ
إِلَّا رَجُلًا مَّسْحُورًا ٤٧

**48.** Погледни како ти донесуваа примери! Оние скршнаа во заблуда... па, не можат да го најдат патот!

ٱنظُرْ كَيْفَ ضَرَبُوا۟ لَكَ ٱلْأَمْثَالَ فَضَلُّوا۟
فَلَا يَسْتَطِيعُونَ سَبِيلًا ٤٨

**49.** И зборуваат: “Кога ќе станеме коски и прашина тогаш ли ќе бидеме оживеани, одново создадени?”

وَقَالُوٓا۟ أَءِذَا كُنَّا عِظَـٰمًا وَرُفَـٰتًا أَءِنَّا لَمَبْعُوثُونَ خَلْقًا
جَدِيدًا ٤٩

**50.** Кажи: “И дури да бидете камења и железо,

۞ قُلْ كُونُوا۟ حِجَارَةً أَوْ حَدِيدًا ٥٠

**51.** или кое било друго суштество кое ви изгледа преголемо. Ќе речат: “Кој ќе нè оживи?” Кажи: “Оној кој ве создаде првпат.” Тогаш кон тебе ќе ги свртат главите свои, зборувајќи: “Кога ќе биде тоа?” Кажи: “Ќе биде, можеби, сосем блиску!”

أَوْ خَلْقًا مِّمَّا يَكْبُرُ فِى صُدُورِكُمْ ۚ فَسَيَقُولُونَ
مَن يُعِيدُنَا ۖ قُلِ ٱلَّذِى فَطَرَكُمْ أَوَّلَ مَرَّةٍ ۚ
فَسَيُنْغِضُونَ إِلَيْكَ رُءُوسَهُمْ وَيَقُولُونَ
مَتَىٰ هُوَ ۖ قُلْ عَسَىٰٓ أَن يَكُونَ قَرِيبًا ٥١

**52.** Денот во кој Он ќе ве повика, па ќе му се оѕвиете, заблагодарувајќи Му се. Ќе помилите дека останавте само малку време.

يَوْمَ يَدْعُوكُمْ فَتَسْتَجِيبُونَ بِحَمْدِهِۦ
وَتَظُنُّونَ إِن لَّبِثْتُمْ إِلَّا قَلِيلًا ٥٢

**53.** И кажи им на робовите Мои да го зборуваат она што е

وَقُل لِّعِبَادِى يَقُولُوا۟ ٱلَّتِى هِىَ أَحْسَنُ ۚ إِنَّ ٱلشَّيْطَـٰنَ

најдобро, зашто Шејтанот, навистина, сее раздор меѓу нив. Шејтанот кон човекот, секако, е непријател отворен!

يَنزَغُ بَيْنَهُمْ إِنَّ ٱلشَّيْطَٰنَ كَانَ لِلْإِنسَٰنِ
عَدُوًّا مُّبِينًا ﴿٥٣﴾

**54.** Господарот твој ве познава најдобро. Ако посака Он ќе ви се смилува, а ако, пак, Он посака ќе ве казни. И Ние не те испративме кај нив како закрилник!

رَّبُّكُمْ أَعْلَمُ بِكُمْ إِن يَشَأْ يَرْحَمْكُمْ أَوْ إِن يَشَأْ
يُعَذِّبْكُمْ وَمَآ أَرْسَلْنَٰكَ عَلَيْهِمْ وَكِيلًا ﴿٥٤﴾

**55.** Господарот твој најдобро го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата. Од пејгамберите Ние еднинадруги ги одликувавме, и на Давуд Зебур му дадовме.

وَرَبُّكَ أَعْلَمُ بِمَن فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَلَقَدْ فَضَّلْنَا
بَعْضَ ٱلنَّبِيِّـۧنَ عَلَىٰ بَعْضٍ وَءَاتَيْنَا دَاوُۥدَ زَبُورًا ﴿٥٥﴾

**56.** Кажи: “Повикувајте ги оние кои ги замислувате за богови, а не Него, кои не можат да ја отстранат неволјата од вас, а ни да ја заменат!”

قُلِ ٱدْعُوا۟ ٱلَّذِينَ زَعَمْتُم مِّن دُونِهِۦ فَلَا يَمْلِكُونَ
كَشْفَ ٱلضُّرِّ عَنكُمْ وَلَا تَحْوِيلًا ﴿٥٦﴾

**57.** Оние кои ги повикуваат бараат средство како да дојдат поблиску до Господарот свој, и се надеваат на милоста Негова, и се плашат од казната Негова. Казната од Господарот твој е подготвена, навистина!

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ يَدْعُونَ يَبْتَغُونَ إِلَىٰ رَبِّهِمُ
ٱلْوَسِيلَةَ أَيُّهُمْ أَقْرَبُ وَيَرْجُونَ رَحْمَتَهُۥ وَيَخَافُونَ
عَذَابَهُۥٓ إِنَّ عَذَابَ رَبِّكَ كَانَ مَحْذُورًا ﴿٥٧﴾

**58.** Нема ниеден град кој Ние не ќе го уништиме пред Денот суден или да не го казниме со казна жестока. Тоа е запишано во Книгата!

وَإِن مِّن قَرْيَةٍ إِلَّا نَحْنُ مُهْلِكُوهَا قَبْلَ يَوْمِ
ٱلْقِيَٰمَةِ أَوْ مُعَذِّبُوهَا عَذَابًا شَدِيدًا كَانَ ذَٰلِكَ
فِى ٱلْكِتَٰبِ مَسْطُورًا ﴿٥٨﴾

**59.** И ништо не може да Нѐ спречи да испратиме знаменија. Нив, освен тоа, ги сметаа за лажни и поколенијата одамнешни. И на Семуд Ние му дадовме камила очигледна... па ѝ направија зулум. Знаменијата ги испраќаме само да застрашиме!

وَمَا مَنَعَنَآ أَن نُّرۡسِلَ بِٱلۡأٓيَٰتِ إِلَّآ أَن كَذَّبَ
بِهَا ٱلۡأَوَّلُونَۚ وَءَاتَيۡنَا ثَمُودَ ٱلنَّاقَةَ مُبۡصِرَةٗ فَظَلَمُواْ
بِهَاۚ وَمَا نُرۡسِلُ بِٱلۡأٓيَٰتِ إِلَّا تَخۡوِيفٗا ٥٩

**60.** И кога ти рековме: “Да, Господарот твој ги опфаќа луѓето, а сонот кој ти го покажавме е само искушение за луѓето, а и стеблото проколнето во Кур’анот. И ги застрашуваме, а големото насилство нивно само се зголемува!

وَإِذۡ قُلۡنَا لَكَ إِنَّ رَبَّكَ أَحَاطَ بِٱلنَّاسِۚ وَمَا جَعَلۡنَا
ٱلرُّءۡيَا ٱلَّتِيٓ أَرَيۡنَٰكَ إِلَّا فِتۡنَةٗ لِّلنَّاسِ وَٱلشَّجَرَةَ
ٱلۡمَلۡعُونَةَ فِي ٱلۡقُرۡءَانِۚ وَنُخَوِّفُهُمۡ فَمَا يَزِيدُهُمۡ
إِلَّا طُغۡيَٰنٗا كَبِيرٗا ٦٠

**61.** И кога Ние им рековме на мелеките: “Паднете му на сеџде на Адем! Па, сите паднаа на сеџде, освен Иблисот, кој рече: “Ќе паднам ли на сеџде на оној кого го создаде од кал?!”

وَإِذۡ قُلۡنَا لِلۡمَلَٰٓئِكَةِ ٱسۡجُدُواْ لِأٓدَمَ فَسَجَدُوٓاْ
إِلَّآ إِبۡلِيسَ قَالَ ءَأَسۡجُدُ لِمَنۡ خَلَقۡتَ طِينٗا ٦١

**62.** И уште рече: “Сметаш ли на овој кого го одликува над мене? Е, па. ако ме оставиш до Денот суден, потомството негово, освен мал број, секако, ќе го совладам!”

قَالَ أَرَءَيۡتَكَ هَٰذَا ٱلَّذِي كَرَّمۡتَ عَلَيَّ لَئِنۡ
أَخَّرۡتَنِ إِلَىٰ يَوۡمِ ٱلۡقِيَٰمَةِ لَأَحۡتَنِكَنَّ
ذُرِّيَّتَهُۥٓ إِلَّا قَلِيلٗا ٦٢

**63.** Рече: “Бегај! А и оние кои ќе те следат. Па, Џехеннемот, навистина, е казната ваша, казната потполна!”

قَالَ ٱذۡهَبۡ فَمَن تَبِعَكَ مِنۡهُمۡ فَإِنَّ جَهَنَّمَ
جَزَآؤُكُمۡ جَزَآءٗ مَّوۡفُورٗا ٦٣

**64.** И колку можеш натерај од нив со гласот твој. И натерај го караванот твој кон нив, и

وَٱسۡتَفۡزِزۡ مَنِ ٱسۡتَطَعۡتَ مِنۡهُم بِصَوۡتِكَ وَأَجۡلِبۡ
عَلَيۡهِم بِخَيۡلِكَ وَرَجِلِكَ وَشَارِكۡهُمۡ فِي ٱلۡأَمۡوَٰلِ

وَٱلْأَوْلَٰدِ وَعِدْهُمْ ۚ وَمَا يَعِدُهُمُ ٱلشَّيْطَٰنُ
إِلَّا غُرُورًا ٦٤

пешадијата твоја... здружи им се и во имотот и со децата и вети им! Шејтанот им ветува само измама!

إِنَّ عِبَادِى لَيْسَ لَكَ عَلَيْهِمْ سُلْطَٰنٌ ۚ وَكَفَىٰ
بِرَبِّكَ وَكِيلًا ٦٥

**65.** Не поседуваш моќ над робовите Мои, навистина! Господарот твој е Доволен Закрилник!

رَّبُّكُمُ ٱلَّذِى يُزْجِى لَكُمُ ٱلْفُلْكَ فِى ٱلْبَحْرِ
لِتَبْتَغُوا۟ مِن فَضْلِهِۦٓ ۚ إِنَّهُۥ كَانَ بِكُمْ رَحِيمًا ٦٦

**66.** Господарот ваш е Оној кој, за вас, го тера бродот по море за да барате од добрината Негова. Он кон вас, навистина, е Сомилосен!

وَإِذَا مَسَّكُمُ ٱلضُّرُّ فِى ٱلْبَحْرِ ضَلَّ مَن تَدْعُونَ إِلَّآ إِيَّاهُ ۖ
فَلَمَّا نَجَّىٰكُمْ إِلَى ٱلْبَرِّ أَعْرَضْتُمْ ۚ وَكَانَ ٱلْإِنسَٰنُ كَفُورًا ٦٧

**67.** И кога ќе ве погоди неволја во море исчезнуваа оние кои ги молевте, освен Него. И штом ќе ве спасивме со пристигнувањето на копно се противевте. Човекот, навистина, не признава!

أَفَأَمِنتُمْ أَن يَخْسِفَ بِكُمْ جَانِبَ ٱلْبَرِّ أَوْ يُرْسِلَ
عَلَيْكُمْ حَاصِبًا ثُمَّ لَا تَجِدُوا۟ لَكُمْ
وَكِيلًا ٦٨

**68.** Сигурни ли сте дека Он нема да ве гмечи во земјата? Или да не ви испрати пустинска бура? А потоа да не си најдете закрилник!

أَمْ أَمِنتُمْ أَن يُعِيدَكُمْ فِيهِ تَارَةً أُخْرَىٰ فَيُرْسِلَ
عَلَيْكُمْ قَاصِفًا مِّنَ ٱلرِّيحِ فَيُغْرِقَكُم بِمَا كَفَرْتُمْ ۙ
ثُمَّ لَا تَجِدُوا۟ لَكُمْ عَلَيْنَا بِهِۦ تَبِيعًا ٦٩

**69.** Или сигурни ли сте дека повторно нема да ве врати во морето, па да ви испрати бура која ќе ве удави затоа што не верувавте? Потоа не ќе најдете никого кој ќе биде против Нас.

۞ وَلَقَدْ كَرَّمْنَا بَنِىٓ ءَادَمَ وَحَمَلْنَٰهُمْ فِى ٱلْبَرِّ وَٱلْبَحْرِ

**70.** И Ние веќе ги одликувавме синовите Адемови. И ги згри-

живме и по море и по копно, снабдувајќи ги со добрата и давајќи им предност над многу од оние кои ги создадовме.

وَرَزَقْنَٰهُم مِّنَ ٱلطَّيِّبَٰتِ وَفَضَّلْنَٰهُمْ
عَلَىٰ كَثِيرٍ مِّمَّنْ خَلَقْنَا تَفْضِيلًا ٧٠

**71.** Денот во кој ќе ги повикаме сите луѓе со нивниот водач... Оние на кои ќе им биде дадена книгата од десната страна нивна ќе ја читаат книгата своја и не ќе им се направи никакво зло ни колку едно влакно.

يَوْمَ نَدْعُوا۟ كُلَّ أُنَاسٍۭ بِإِمَٰمِهِمْ ۖ فَمَنْ أُوتِىَ
كِتَٰبَهُۥ بِيَمِينِهِۦ فَأُو۟لَٰٓئِكَ يَقْرَءُونَ
كِتَٰبَهُمْ وَلَا يُظْلَمُونَ فَتِيلًا ٧١

**72.** И кој ќе биде во врска со ова невид на овој свет ќе биде невид и на Ахирет, и кој најмногу во заблуда скршнал.

وَمَن كَانَ فِى هَٰذِهِۦٓ أَعْمَىٰ فَهُوَ فِى ٱلْءَاخِرَةِ أَعْمَىٰ
وَأَضَلُّ سَبِيلًا ٧٢

**73.** И за малку да не те одвратат од она што Ние ти го објавивме, за да фрлаш лага врз Нас, со она што не ти се објави, па да те прифатат за пријател!

وَإِن كَادُوا۟ لَيَفْتِنُونَكَ عَنِ ٱلَّذِىٓ أَوْحَيْنَآ
إِلَيْكَ لِتَفْتَرِىَ عَلَيْنَا غَيْرَهُۥ ۖ
وَإِذًا لَّٱتَّخَذُوكَ خَلِيلًا ٧٣

**74.** И Ние да не те зајакневме ти, само за малку, ќе им се приклонеше,

وَلَوْلَآ أَن ثَبَّتْنَٰكَ لَقَدْ كِدتَّ
تَرْكَنُ إِلَيْهِمْ شَيْـًٔا قَلِيلًا ٧٤

**75.** а, ако тоа го направеше, тогаш, Ние ќе ти дадевме да искусиш удвоена казна, и во овој живот и во оној живот. Потоа против нас не би нашол поддржник!

إِذًا لَّأَذَقْنَٰكَ ضِعْفَ ٱلْحَيَوٰةِ وَضِعْفَ ٱلْمَمَاتِ
ثُمَّ لَا تَجِدُ لَكَ عَلَيْنَا نَصِيرًا ٧٥

**76.** И само што не те воздигнаа над земјата за да те истераат од неа, навистина! А ако тоа го

وَإِن كَادُوا۟ لَيَسْتَفِزُّونَكَ مِنَ ٱلْأَرْضِ
لِيُخْرِجُوكَ مِنْهَا ۖ وَإِذًا لَّا يَلْبَثُونَ خِلَٰفَكَ

направеа само малку време по тебе ќе останеа.

إِلَّا قَلِيلًا ﴿٧٦﴾

**77.** Праксата кон пејгамберите кои Ние пред тебе ги испративме беше, секако, таква. И во праксата Наша, секако, не ќе најдеш измена.

سُنَّةَ مَن قَدْ أَرْسَلْنَا قَبْلَكَ مِن رُّسُلِنَا
وَلَا تَجِدُ لِسُنَّتِنَا تَحْوِيلًا ﴿٧٧﴾

**78.** И намаз извршувај кога сонцето ќе тргне од половина на небото па до вечерниот самрак, и читај Кур'ан на сабах намаз. Читањето на Кур'анот на сабах намаз, навистина, е Сведоштво!

أَقِمِ الصَّلَوٰةَ لِدُلُوكِ الشَّمْسِ إِلَىٰ غَسَقِ اللَّيْلِ
وَقُرْءَانَ الْفَجْرِ إِنَّ قُرْءَانَ الْفَجْرِ كَانَ
مَشْهُودًا ﴿٧٨﴾

**79.** И бдеј со намаз во дел од ноќта, и тоа доброволно, можеби Господарот твој ќе ти испрати благороден достоен степен.

وَمِنَ اللَّيْلِ فَتَهَجَّدْ بِهِۦ نَافِلَةً لَّكَ عَسَىٰٓ
أَن يَبْعَثَكَ رَبُّكَ مَقَامًا مَّحْمُودًا ﴿٧٩﴾

**80.** И кажи: "Господаре мој, направи да влезам низ влезот на искреноста и да излезам низ влезот на искреноста. И дај ми од Твоја страна и власт и поддржник!"

وَقُل رَّبِّ أَدْخِلْنِي مُدْخَلَ صِدْقٍ وَأَخْرِجْنِي مُخْرَجَ
صِدْقٍ وَاجْعَل لِّي مِن لَّدُنكَ سُلْطَٰنًا نَّصِيرًا ﴿٨٠﴾

**81.** И кажи: " Вистината дојде, а лагата исчезна. Лагата, секако, е ништожна!"

وَقُلْ جَآءَ الْحَقُّ وَزَهَقَ الْبَٰطِلُ
إِنَّ الْبَٰطِلَ كَانَ زَهُوقًا ﴿٨١﴾

**82.** И Ние од Кур'анот ти го објавуваме она што е Лечение и Милост за верниците. А на зулумќарите само им ја зголемува загубата!

وَنُنَزِّلُ مِنَ الْقُرْءَانِ مَا هُوَ شِفَآءٌ وَرَحْمَةٌ لِّلْمُؤْمِنِينَ
وَلَا يَزِيدُ الظَّٰلِمِينَ إِلَّا خَسَارًا ﴿٨٢﴾

**83.** И кога благодатот Наш ќе падне на човекот, се дуе и се врти настрана, а кога ќе го допре зло некакво, се разочарува.

وَإِذَآ أَنْعَمْنَا عَلَى ٱلْإِنسَٰنِ أَعْرَضَ وَنَـَٔا بِجَانِبِهِۦ ۖ وَإِذَا مَسَّهُ
ٱلشَّرُّ كَانَ يَـُٔوسًا ﴿٨٣﴾

**84.** Кажи: “Секој работи онака како што му одговара. Господарот ваш, меѓутоа, најдобро го знае оној кого Он, токму, го упати по патот најупатувачки!”

قُلْ كُلٌّ يَعْمَلُ عَلَىٰ شَاكِلَتِهِۦ فَرَبُّكُمْ أَعْلَمُ
بِمَنْ هُوَ أَهْدَىٰ سَبِيلًا ﴿٨٤﴾

**85.** И те прашуваат за духот. Кажи: “Духот е едно од нештата на Господарот мој и за него дадено ви е само малку знаење. “

وَيَسْـَٔلُونَكَ عَنِ ٱلرُّوحِ ۖ قُلِ ٱلرُّوحُ مِنْ أَمْرِ رَبِّى
وَمَآ أُوتِيتُم مِّنَ ٱلْعِلْمِ إِلَّا قَلِيلًا ﴿٨٥﴾

**86.** А ако посакавме Ние ќе го занемаревме сигурно она што ти го објавивме. И ти, во врска со тоа, не ќе најдеш против нас закрилник,

وَلَئِن شِئْنَا لَنَذْهَبَنَّ بِٱلَّذِىٓ أَوْحَيْنَآ إِلَيْكَ
ثُمَّ لَا تَجِدُ لَكَ بِهِۦ عَلَيْنَا وَكِيلًا ﴿٨٦﴾

**87.** освен милоста од Господарот твој. Добрината Негова кон тебе, навистина, е голема!

إِلَّا رَحْمَةً مِّن رَّبِّكَ ۚ إِنَّ فَضْلَهُۥ كَانَ عَلَيْكَ
كَبِيرًا ﴿٨٧﴾

**88.** Кажи: “Кога би се збрале и џиновите и луѓето да донесат нешто што ќе биде слично на Кур’анот, не ќе можат да донесат ништо слично нему, па било да се помагаат еднисодруги.”

قُل لَّئِنِ ٱجْتَمَعَتِ ٱلْإِنسُ وَٱلْجِنُّ عَلَىٰٓ أَن يَأْتُوا۟
بِمِثْلِ هَٰذَا ٱلْقُرْءَانِ لَا يَأْتُونَ بِمِثْلِهِۦ وَلَوْ كَانَ
بَعْضُهُمْ لِبَعْضٍ ظَهِيرًا ﴿٨٨﴾

**89.** Во овој Кур’ан Ние веќе поредивме за луѓето од секој

وَلَقَدْ صَرَّفْنَا لِلنَّاسِ فِى هَٰذَا ٱلْقُرْءَانِ مِن كُلِّ مَثَلٍ

пример. Па, мнозинството на луѓето одбиваат, навистина, со тоа што не веруваат!

فَأَبَىٰٓ أَكۡثَرُ ٱلنَّاسِ إِلَّا كُفُورٗا ٨٩

**90.** И зборуваат: “Никогаш нема да ти веруваме сè додека не направиш да прсне вода од земјата, вода која ќе извира “,

وَقَالُواْ لَن نُّؤۡمِنَ لَكَ حَتَّىٰ تَفۡجُرَ لَنَا مِنَ ٱلۡأَرۡضِ
يَنۢبُوعًا ٩٠

**91.** или: “ако имаш бавча со урми и со лозја па да направиш да избувнат големи реки од неа”,

أَوۡ تَكُونَ لَكَ جَنَّةٞ مِّن نَّخِيلٖ وَعِنَبٖ
فَتُفَجِّرَ ٱلۡأَنۡهَٰرَ خِلَٰلَهَا تَفۡجِيرًا ٩١

**92.** или: “ако не го срушиш небото врз нас - како што сметаше - во парчиња”, или; ако не ни ги доведеш Аллах и мелеките за помош“,

أَوۡ تُسۡقِطَ ٱلسَّمَآءَ كَمَا زَعَمۡتَ عَلَيۡنَا كِسَفًا
أَوۡ تَأۡتِيَ بِٱللَّهِ وَٱلۡمَلَٰٓئِكَةِ قَبِيلًا ٩٢

**93.** или: “ако немаш куќа со украси” - или ако не се извишиш на небо - уште: нема да ти веруваме и во извишувањето твое сè додека не ни спуштиш Книга што ќе ја читаме.” Кажи: “Славен нека биде Господарот мој! Не сум ли јас само човек пејгамбер!?”

أَوۡ يَكُونَ لَكَ بَيۡتٞ مِّن زُخۡرُفٍ أَوۡ تَرۡقَىٰ فِي ٱلسَّمَآءِ
وَلَن نُّؤۡمِنَ لِرُقِيِّكَ حَتَّىٰ تُنَزِّلَ عَلَيۡنَا كِتَٰبٗا نَّقۡرَؤُهُۥۗ
قُلۡ سُبۡحَانَ رَبِّي هَلۡ كُنتُ إِلَّا بَشَرٗا رَّسُولٗا ٩٣

**94.** А она што луѓето ги спречува - бидејќи им дојде Патоказот - е само тврдењето нивно: “Дали Аллах испрати човек за пејгамбер?”

وَمَا مَنَعَ ٱلنَّاسَ أَن يُؤۡمِنُوٓاْ إِذۡ جَآءَهُمُ ٱلۡهُدَىٰٓ
إِلَّآ أَن قَالُوٓاْ أَبَعَثَ ٱللَّهُ بَشَرٗا رَّسُولٗا ٩٤

**95.** Кажи: “Кога мелеките би оделе по земјата мирно Ние, секако, од небо ќе им испратевме мелек за пејгамбер!”

قُل لَّوۡ كَانَ فِي ٱلۡأَرۡضِ مَلَٰٓئِكَةٞ يَمۡشُونَ
مُطۡمَئِنِّينَ لَنَزَّلۡنَا عَلَيۡهِم مِّنَ ٱلسَّمَآءِ
مَلَكٗا رَّسُولٗا ٩٥

**96.** Кажи: “Аллах е Доволен Сведок меѓу мене и меѓу вас. Он, навистина, е Известен за робовите Свои и Гледач е!

قُلْ كَفَىٰ بِاللَّهِ شَهِيدًا بَيْنِي وَبَيْنَكُمْ ۚ
إِنَّهُ كَانَ بِعِبَادِهِ خَبِيرًا بَصِيرًا ٩٦

**97.** Оној кого Аллах ќе го упати, упатен е, а оној кого Он ќе го скршне во заблуда... за него не ќе најдеш, освен него, заштитници. Ние ќе ги збереме на Денот суден: лицата нивни ќе бидат соборени, ќе бидат и слепи, и неми, и глуви. Прибежиштето нивно е - Џехеннемот! И секојпат кога огнот Саир ќе ослабне Ние ќе го разгориме.

وَمَن يَهْدِ اللَّهُ فَهُوَ الْمُهْتَدِ ۖ وَمَن يُضْلِلْ فَلَن تَجِدَ
لَهُمْ أَوْلِيَاءَ مِن دُونِهِ ۖ وَنَحْشُرُهُمْ يَوْمَ الْقِيَامَةِ
عَلَىٰ وُجُوهِهِمْ عُمْيًا وَبُكْمًا وَصُمًّا ۖ مَّأْوَاهُمْ جَهَنَّمُ ۖ
كُلَّمَا خَبَتْ زِدْنَاهُمْ سَعِيرًا ٩٧

**98.** Ова, токму, е казната нивна, зашто тие, навистина, не веруваа во знаменијата Наши, и велеа: “Кога ќе станеме коски и прашина, тогаш ли ќе бидеме оживеани, одново создадени?”

ذَٰلِكَ جَزَاؤُهُم بِأَنَّهُمْ كَفَرُوا بِآيَاتِنَا وَقَالُوا
أَإِذَا كُنَّا عِظَامًا وَرُفَاتًا أَإِنَّا لَمَبْعُوثُونَ خَلْقًا
جَدِيدًا ٩٨

**99.** Не гледаат ли дека Аллах, секако, е Оној кој ги создаде небесата и Земјата, Кој е кадар да создаде ним слични, и да им определи рок во кого нема сомнение. Па, зулумќарите одбиваат, неверувајќи!

۞ أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّ اللَّهَ الَّذِي خَلَقَ السَّمَاوَاتِ
وَالْأَرْضَ قَادِرٌ عَلَىٰ أَن يَخْلُقَ مِثْلَهُمْ وَجَعَلَ
لَهُمْ أَجَلًا لَّا رَيْبَ فِيهِ فَأَبَى الظَّالِمُونَ
إِلَّا كُفُورًا ٩٩

**100.** Кажи: “И кога би ги поседувале ризниците на милоста од Господарот мој и дури тогаш би ве опфатил страв да потрошите.”Човекот е голем скржавко!

قُل لَّوْ أَنتُمْ تَمْلِكُونَ خَزَائِنَ رَحْمَةِ رَبِّي إِذًا
لَّأَمْسَكْتُمْ خَشْيَةَ الْإِنفَاقِ ۚ وَكَانَ الْإِنسَانُ قَتُورًا ١٠٠

**101.** И на Муса Ние веќе му дадовме девет знаменија јасни.

وَلَقَدْ آتَيْنَا مُوسَىٰ تِسْعَ آيَاتٍ بَيِّنَاتٍ ۖ فَاسْأَلْ

Па, прашај ги синовите Израилови кога тој, токму, им дојде, и кога фараонот му рече: “При мислење сум дека ти си, Муса, навистина, волшебник!”

بَنِيٓ إِسۡرَٰٓءِيلَ إِذۡ جَآءَهُمۡ فَقَالَ لَهُۥ فِرۡعَوۡنُ
إِنِّي لَأَظُنُّكَ يَٰمُوسَىٰ مَسۡحُورٗا ١٠١

**102.** Муса рече: “Да, знаеш дека тие очигледности ги објави само Господарот на небесата и на Земјата. И јас сметам, о фараоне, дека си ти, навистина, изгубен!”

قَالَ لَقَدۡ عَلِمۡتَ مَآ أَنزَلَ هَٰٓؤُلَآءِ إِلَّا رَبُّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلۡأَرۡضِ بَصَآئِرَ وَإِنِّي لَأَظُنُّكَ
يَٰفِرۡعَوۡنُ مَثۡبُورٗا ١٠٢

**103.** И тогаш фараонот посака да ги истера од земјата. Па, Ние него и оние кои беа со него, заедно, ги потопивме.

فَأَرَادَ أَن يَسۡتَفِزَّهُم مِّنَ ٱلۡأَرۡضِ
فَأَغۡرَقۡنَٰهُ وَمَن مَّعَهُۥ جَمِيعٗا ١٠٣

**104.** И по него на синовите Израилови Ние им рековме: “Населете ја земјата, а кога ќе дојде ветувањето за Ахирет, Ние ќе ве доведеме во дружини!”

وَقُلۡنَا مِنۢ بَعۡدِهِۦ لِبَنِيٓ إِسۡرَٰٓءِيلَ ٱسۡكُنُواْ ٱلۡأَرۡضَ
فَإِذَا جَآءَ وَعۡدُ ٱلۡأٓخِرَةِ جِئۡنَا بِكُمۡ لَفِيفٗا ١٠٤

**105.** И Кур’анот Ние со вистина го објавивме. И Он, токму, со вистина се објавува. И тебе те испративме само како радосник и опоменувач!

وَبِٱلۡحَقِّ أَنزَلۡنَٰهُ وَبِٱلۡحَقِّ نَزَلَۗ وَمَآ أَرۡسَلۡنَٰكَ
إِلَّا مُبَشِّرٗا وَنَذِيرٗا ١٠٥

**106.** И Ние Кур’анот по делови го објавуваме за да им го читаш на луѓето полека. И го објавуваме онака како што го објавуваме.

وَقُرۡءَانٗا فَرَقۡنَٰهُ لِتَقۡرَأَهُۥ عَلَى ٱلنَّاسِ عَلَىٰ مُكۡثٖ
وَنَزَّلۡنَٰهُ تَنزِيلٗا ١٠٦

**107.** Кажи: “Ќе верувате во него или нема да верувате, оние со

قُلۡ ءَامِنُواْ بِهِۦٓ أَوۡ لَا تُؤۡمِنُوٓاْۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ أُوتُواْ ٱلۡعِلۡمَ مِن قَبۡلِهِۦٓ

даденото им знаење пред него - кога им се кажува - паѓаат на сеџде со лицата свои,

إِذَا يُتْلَىٰ عَلَيْهِمْ يَخِرُّونَ لِلْأَذْقَانِ سُجَّدًا ﴿١٠٧﴾

**108.** и зборуваат: “Славен нека е Он! Господарот наш! Ветувањето на Господарот наш се оствари!”

وَيَقُولُونَ سُبْحَانَ رَبِّنَا إِن كَانَ وَعْدُ رَبِّنَا لَمَفْعُولًا ﴿١٠٨﴾

**109.** И паѓаат со челата свои, плачејќи, и Он им ја зголемува страхопочитта.

وَيَخِرُّونَ لِلْأَذْقَانِ يَبْكُونَ وَيَزِيدُهُمْ
خُشُوعًا ۩ ﴿١٠٩﴾

**110.** Кажи: “Повикувајте ‘Аллах!’ Или повикувајте ‘Милостив!’ И по кое било име ќе Го повикувате...па, имињата Негови се најубави! При намазот твој не изговарај на глас а ниту скришно во себе, туку најди начин меѓу тоа!

قُلِ ادْعُوا اللَّهَ أَوِ ادْعُوا الرَّحْمَٰنَ أَيًّا مَّا تَدْعُوا فَلَهُ
الْأَسْمَاءُ الْحُسْنَىٰ وَلَا تَجْهَرْ بِصَلَاتِكَ
وَلَا تُخَافِتْ بِهَا وَابْتَغِ بَيْنَ ذَٰلِكَ سَبِيلًا ﴿١١٠﴾

**111.** И кажи: “Благодарение на Аллах! Кој не си присвои дете и Кој не зема здруженик во власта и Кој нема потреба од поддржник. И величај Го со величието!”

وَقُلِ الْحَمْدُ لِلَّهِ الَّذِي لَمْ يَتَّخِذْ وَلَدًا وَلَمْ يَكُن لَّهُ شَرِيكٌ
فِي الْمُلْكِ وَلَمْ يَكُن لَّهُ وَلِيٌّ مِّنَ الذُّلِّ وَكَبِّرْهُ تَكْبِيرًا ﴿١١١﴾

## *ЕЛ-КЕХФ* (Пештера)XVIII

## سُورَةُ الْكَهْفِ

**Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!**

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

**1.** Благодарение на Аллах кој на својот роб му објави Книга која не ја искриви,

الْحَمْدُ لِلَّهِ الَّذِي أَنزَلَ عَلَىٰ عَبْدِهِ الْكِتَابَ
وَلَمْ يَجْعَل لَّهُ عِوَجًا ﴿١﴾

**2.** туку: вистинска за да опомене со казна тешка од Него и да ги зарадува верниците кои работат добри дела дека за нив има, навистина, награда убава,

قَيِّمًا لِّيُنذِرَ بَأْسًا شَدِيدًا مِّن لَّدُنْهُ
وَيُبَشِّرَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ٱلَّذِينَ يَعْمَلُونَ
ٱلصَّٰلِحَٰتِ أَنَّ لَهُمْ أَجْرًا حَسَنًا ﴿٢﴾

**3.** во која за навек ќе останат,

مَّٰكِثِينَ فِيهِ أَبَدًا ﴿٣﴾

**4.** и да ги опомене оние кои тврдат дека Аллах си присвои дете.

وَيُنذِرَ ٱلَّذِينَ قَالُوا۟ ٱتَّخَذَ ٱللَّهُ وَلَدًا ﴿٤﴾

**5.** Оние за тоа не знаат, а не знаат ни предците нивни. Е, само колку е крупен зборот што излегува од устите нивни! Тие само лаги зборуваат!

مَّا لَهُم بِهِۦ مِنْ عِلْمٍ وَلَا لِءَابَآئِهِمْ ۚ كَبُرَتْ كَلِمَةً
تَخْرُجُ مِنْ أَفْوَٰهِهِمْ ۚ إِن يَقُولُونَ إِلَّا كَذِبًا ﴿٥﴾

**6.**Па, жалејќи, зарем да пукнеш заради впечатоците нивни ако не веруваат во овој говор.

فَلَعَلَّكَ بَٰخِعٌ نَّفْسَكَ عَلَىٰٓ ءَاثَٰرِهِمْ إِن لَّمْ يُؤْمِنُوا۟
بِهَٰذَا ٱلْحَدِيثِ أَسَفًا ﴿٦﴾

**7.** Сè што е на земјата Ние, навистина, го создадовме да биде украс нејзин за да пробаме кој од нив ќе работи најубаво!

إِنَّا جَعَلْنَا مَا عَلَى ٱلْأَرْضِ زِينَةً لَّهَا لِنَبْلُوَهُمْ
أَيُّهُمْ أَحْسَنُ عَمَلًا ﴿٧﴾

**8.** И Ние, секако, ќе ја направиме гола пустина!

وَإِنَّا لَجَٰعِلُونَ مَا عَلَيْهَا صَعِيدًا جُرُزًا ﴿٨﴾

**9.** Или сметаш ли дека жителите на пештерата и на Реким беа од знаменијата Наши најчудесни?

أَمْ حَسِبْتَ أَنَّ أَصْحَٰبَ ٱلْكَهْفِ وَٱلرَّقِيمِ كَانُوا۟
مِنْ ءَايَٰتِنَا عَجَبًا ﴿٩﴾

**10.** Кога младите момчиња се засолнија во пештерата, тогаш

إِذْ أَوَى ٱلْفِتْيَةُ إِلَى ٱلْكَهْفِ فَقَالُوا۟ رَبَّنَآ ءَاتِنَا

рекоа: "Господаре наш, дај ни од милоста Твоја и подготви нѐ со добро однесување во работата наша!"

مِن لَّدُنكَ رَحْمَةً وَهَيِّئْ لَنَا مِنْ أَمْرِنَا رَشَدًا ١٠

**11.** И Ние ги заспавме во пештерата години многу,

فَضَرَبْنَا عَلَىٰٓ ءَاذَانِهِمْ فِي ٱلْكَهْفِ
سِنِينَ عَدَدًا ١١

**12.** а потоа Ние ги пробудивме за да дознаеме која од двете странки подобро ќе го брои времето, во кое останаа.

ثُمَّ بَعَثْنَٰهُمْ لِنَعْلَمَ أَيُّ ٱلْحِزْبَيْنِ
أَحْصَىٰ لِمَا لَبِثُوٓا۟ أَمَدًا ١٢

**13.** И Ние вистински ти го кажуваме кажувањето за нив: тие беа млади кои, навистина, веруваа во Господарот свој и им го зголемивме Патоказот, навистина!

نَّحْنُ نَقُصُّ عَلَيْكَ نَبَأَهُم بِٱلْحَقِّ
إِنَّهُمْ فِتْيَةٌ ءَامَنُوا۟ بِرَبِّهِمْ وَزِدْنَٰهُمْ هُدًى ١٣

**14.** И Ние ги зајакнавме срцата нивни кога се разбудија, па рекоа:"Господарот наш е Господарот на небесата и на Земјата. Друг бог освен Него не повикуваме. Во спротивно, секако, невистина ќе зборуваме.

وَرَبَطْنَا عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ إِذْ قَامُوا۟ فَقَالُوا۟ رَبُّنَا رَبُّ
ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ لَن نَّدْعُوَا۟ مِن دُونِهِۦٓ إِلَٰهًا
لَّقَدْ قُلْنَآ إِذًا شَطَطًا ١٤

**15.** Еве, какви се луѓето наши! Прифатија други богови освен Него. Зошто, тогаш, за нив не донесоа доказ јасен? И кој е поголем зулумќар од оној кој фрла лага врз Аллах?

هَٰٓؤُلَآءِ قَوْمُنَا ٱتَّخَذُوا۟ مِن دُونِهِۦٓ ءَالِهَةً
لَّوْلَا يَأْتُونَ عَلَيْهِم بِسُلْطَٰنٍۭ بَيِّنٍ
فَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنِ ٱفْتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًا ١٥

**16.** И штом се оддалечивте од нив и од она што го обожаваа освен Аллах: "Скријте се во

وَإِذِ ٱعْتَزَلْتُمُوهُمْ وَمَا يَعْبُدُونَ إِلَّا ٱللَّهَ فَأْوُۥٓا۟
إِلَى ٱلْكَهْفِ يَنشُرْ لَكُمْ رَبُّكُم مِّن رَّحْمَتِهِۦ

пештерата. Господарот ваш ќе ве опсипа од милоста Своја, и ќе ви подготви од работата ваша корист некаква.”

وَيُهَيِّئْ لَكُم مِّنْ أَمْرِكُم مِّرْفَقًا ﴿١٦﴾

